МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## 2021 – 2023

*Почитувани,*

*Во период полн со предизвици и искушенија, истрајноста е најважната карактеристика на секоја индивидуа и на тимот кој се залага за достигнување на одредена цел.*

*Како министерка за образование и наука заедно со вработените во МОН, соработниците од другите институции во областа на образованието и науката, надворешни партнери и општествени чинители со кои делиме иста визија, покажавме дека најдобриот интерес на оние чии права ги застапуваме, овозможуваме и се трудиме постојано да ги надградуваме, може да биде заштитен и остварен, па дури и во услови на прогласена вонредна состојба.*

*Тоа останува наша главна цел и во иднина. А таа цел се остварува само преку постојано зголемување на влогот во квалитетот на националниот образовен систем, за што, имаме конкретен план и за следните три години.*

*Стратешкиот план на МОН 2021-2023 содржи голем број проекти, мерки и активности кои се плод на еден инклузивен пристап и кои, уверена сум дека сите до една ќе бидат ефектуирани токму поради ентузијазмот и желбата кои постојат кај сите нас и поради напорите кои ги правиме во таа насока.*

*Со нивното исполнување верувам дека граѓаните на Република Северна Македонија ќе бидат задоволни и ќе им помогнеме во остварувањето на личните цели и аспирации. На тој начин, земјата ќе продолжи да се доближува до европскиот простор сè до конечното зачленување во европското семејство, како крајна точка на одамна трасираниот пат на нацијата и националните авторитети.*

*Благодарам!*

**Бр. 01- 2326/1** — ***МИНИСТЕРКА*** ,

**8 февруари 2021** — **Мила Царовска, с.р.**

**Скопје**

## 1.1 ВОВЕД

Со Стратешки план на Министерството за образование и наука за 2021-2023 година, предвидено е да се имплементираат вкупно 5 програми и 15 потпрограми, кои подеднакво се посветени на зголемување на квалитетот на наставата во основното и средното образование, унапредување на образовната инфраструктура, почитување на автономијата на универзитетот и достоинството на професорите, забрзан економски развој преку инвестиции во науката, како и поддршка на можностите на образование на возрасните и на системот на неформално и информално образование.

За секоја од предвидените програми и потпрограми, кои пак, иницираа мерки, проекти и активности, овој стратешки план ги дефинира потребните ресурси и финансиски средства за имплементација, како и очекуваните резултати од финалната реализација.

Стратешкиот план на Министерството за образование и наука 2021-2023 е изготвен во согласност со Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр.124/08, 58/18 и 223/19), Упатството за начинот на постапување на министерствата и другите органи на државната управа во процесот на подготвување на Стратешкиот план и Годишниот план за работа („Службен весник на Република Македонија" бр.131/18), Одлуката за утврдување на стратешки приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2021 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 243/20), Фискалната стратегија на Република Северна Македонија за 2021-2023, Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија 2020 – 2024 година, Стратегијата за образование 2018-2025, Ревидираната програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022, Целите за одржлив развој на Обединетите нации 2030, Стратегијата за реформи на јавната администрација 2018-2022, Националната програма за усвојување на правото ан ЕУ (НППА), Програмата за економски реформи 2021-2023, Извештајот на Европската Комисија за напредокот на нашата земја во европските интеграции, Извештајот на Светска банка „The Economic and Social Impact of Covid-19, Western Balkan Report", Патоказот за регионална соработка на шесте земји од Западен Балкан (WB Common Regional Market 2021-2024), препораките од Европска комисија „Council Recommendation on VET for sustainable competitiveness, social fairness and resilience" од јули 2020, Декларацијата од Оснабрик за стручно образование и обука како клучен фактор за закрепнување и транзиција кон дигитална и зелена економија (Osnabrück Declaration 2020) Прегледот на ОЕЦД за евалуацијата и оценувањето во образованието во Република Северна Македонија, и други стратешки документи и анализи

## 1.2 АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

### 1.2.1 ВЛИЈАНИЕТО НА КОВИД 19 ВРЗ ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ:

Во текот на 2020 година светот се соочи со една од најголемените пандемии. Кризата што настана со ширењето на вирусот Ковид 19 ги истакна потребите и предизвиците во такви услови да се обезбеди правото на образование. Сите земји во светот се соочија со ситуација во која не постои можност за вообичаено функционирање на формалното образование, а потребно беше да се обезбеди континуитет во образованието за сите ученици.

Во насока на спречување на ширење на вирусот и заштита на здравјето на граѓаните, Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница донесе заклучок да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите основни и средни училишта и високо-образовни установи од 11 март 2020. Владата на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе Уредби со законска сила за примена на Законот за основно образование, Законот за средно образование и Законот за високото образование за време на вонредна состојба со кои е пропишано дека наставата во основните, средните училишта и високо образованите установи се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација.

Извештајот подготвен од Уницеф, УСАИД и Finance Think „Социјалните и економските ефекти од Ковид 19 врз децата во Република Северна Македонија" од јули 2020, нотира дека образовниот систем во земјата релативно брзо се организираше за систем на учење од далечина, по затворањето на училиштата. Извештајот исто така нотира дека се мобилизирани човечките ресурси во системот на образование со главна цел да се помогне во процсот на учење на децата. Како најдобар пример се посочува креирањето на ТВ Училница (едукативна емисија на МТВ), креирањето на националната платформа Eduino и изготвувањето на Концептот за развивање на систем за образование од далаечина.

Во нашата држава досега речиси да немаше искуства со образование од далечина во сферата на задолжителното образование. Во изминатите години се донесени релативно голем број стратешки документи за подигнување на квалитетот на дигиталните вештини и кај учениците и кај наставниците. Предвидени се значаен број мерки во кои се „насетува" учењето од далечина, но во ниту еден документ немаше предвидено конкретни активности и мерки за реализација на систем за учење од далечина во формалниот образовен систем, односно не се развиени стандарди за учење од далечина и е-учење, ниту е воспоставена национална платформа за поддршка на целиот образовен систем за основно и за средно образование.

Неколкумесечните искуства со образованието од далечина, како во нашава земја така и во други земји, во прв план ги истакнаа следниве предизвици:

- недостиг на стратешки и нормативни документи на кои може да се базира наставата од далечина и што ќе обезбедат стандардизиран приод во нејзиното реализирање;

- недоволни теоретски и практични педагошки знаења за настава од далечина на сите вклучени во образовниот процес (наставници, стручни соработници, директори, советници, инспектори);
- недоволни дигитални компетенции кај најголемиот број чинители во образовниот процес од далечина (ученици, наставници, родители, стручни соработници, директори, советници, инспектори);
- слаба ИКТ-опременост (немање или несоодветни дигитални уреди, недоволен или никаков пристап до интернет) на училиштата, наставниците и семејствата на учениците.

Од друга страна пак, оваа криза, освен несигурноста и стравот што го предизвика, поттикна и барање нови решенија за организација и реализација на наставата и учењето. Тоа е едновремено и можност за подобро разбирање на разни аспекти на наставата и учењето и идентификување нови алатки и контексти за поддршка на учењето на сите деца и млади.

### 1.2.2. СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ И АНАЛИЗИ ЗА ОБРАЗОВНИОТ СИСТЕМ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИТЕ КАПАЦИТЕТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА:

Образовниот систем на Република Северна Македонија се состои од предучилишно, основно (6-14 години), средно (15-17/18 години) и високо образование. Основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици (на возраст 6-14 години). Во учебната 2019/2020 година, вкупниот број на основни училишта изнесува 363, од кои 339 општински училишта, 9 државни училишта (од кои 6 основни училишта за ученици со посебни образовни потреби, 2 Заводи за деца со посебни образовни потреби и 1 Завод за згрижување на деца со воспитно-социјални проблеми), 14 музички училишта (4 државни, 10 општински) и 1 училиште за возрасни. Вкупниот број на наставници во основното образование во учебната 2019/2020 година изнесува 18.221 (од кои 12.862 се жени).. Во учебната 2019/2020, опфатени се 187.240 ученици (90.500 ученички), од кои 732 ученици (260 ученички) учат во државните училишта за ученици со посебни образовни потреби. 378 лица (од кои 150 жени) стекнуваат образование за возрасни во училиштето за возрасни. Споредено со учебната 2018/2019 година, вкупниот број на ученици бележи намалување од 0.5%, бројот на ученици во државните училишта за ученици со посебни образовни потреби е намален за 4.8%, а бројот на лица кои посетуваат основно образование за возрасни бележи пораст од 3.6%

Средното образование, исто така е задолжително и бесплатно. Средното стручно образование може да биде со тригодишно и четиригодишно траење. Стручното оспособување во зависност од сложеноста на занимањето трае до две години. На крајот на тригодишното стручно образование, учениците полагаат завршен испит и немаат право да се запишат на универзитет. Учениците кои завршуваат четиригодишно стручно образование, можат да бираат меѓу завршен испит и државна матура, зависно од тоа дали сакаат да го продолжат образованието или не, додека учениците од гимназиите задолжително полагаат државна или училишна матура. Во учебната 2019/2020 година, вкупниот број на средни училишта изнесува 109 (државни и општински), а вкупниот број на ученици изнесува 69.980 (33.683 ученички), од кои 222 ученици (69 ученички) учат во државните училишта за ученици со посебни образовни потреби Вкупниот број на наставен кадар изнесува 7 3415 (од кои 4.493 се жени). . Споредено со учебната 2018/2019

година, вкупниот број на ученици бележи намалување од 2.3%, бројот на ученици во државните училишта за ученици со посебни образовни потреби е намален за 1.8%.

Врз основа на анализите и препораките од последниот преглед на ОЕЦД на образовниот систем во Република Северна Македонија донесени се нов *Закон за основно образование* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019) кој содржи одредби кои значат: унапредување на наставниот процес и начин на организација на наставата, зајакнување на темелните уставни вредности во образовниот процес, како што е недискриминацијата, забраната за понижувачко постапување спрема учениците и вработените во училиштата, воспоставување на принцип на целосна инклузија на учениците со попреченост преку сеопфатен систем на поддршка имајќи ги предвид индивидуални потреби на ученикот, професионализација на училишното раководство, елиминирање на било какви можности за политички влијанија, воспоставување на систем на ученичко организирање и учество, унапредување на приправничкиот стаж и промена на начинот на полагање на приправнички испит, надворешни мерења на постигањата на учениците за подобрување на воспитно образовниот процес (меѓународни и државни проверки), поддршка на учениците за учество на меѓународни натпревари од областа на математика, информатика и природни науки, унапредување на здравјето на учениците преку така наречен „тандем наставник"... и нов *Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта* („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019) со кој значително се унапредува професионалниот развој на наставниците и стручните соработници и се воведува модел за нивен кариерен развој (унапредување). Новите закони започнаа да се имплементираат од учебната 2019/2020 година (дел од одредбите имаат одложна примена). Во текот на 2020 година донесени се подзаконските акти, кои произлегуваат од овие закони.

Високото образование се реализира на три нивоа: додипломски, магистерски и докторски студии. Во Република Северна Македонија, високообразовна дејност организираат 28 високообразовни установи, од кои шест (6) државни универзитети, еден (1) приватно – јавна непрофитна високообразовна установа, десет (10) приватни универзитети, четири (4) високо стручни школи и четири (4) научни институти (каде се организираат студии од втор циклус на студии), како и два (2) факултети: Православниот богословски факултет во Скопје и Факултет за исламски науки во Скопје. Исто така, висообразовна дејност организира и Воена Академија „Генерал Михаило Апостолски" во Скопје . Според податоците на Државниот завод за статистика, во академската 2019/2020 година се запишани вкупно 51 734 студенти, што претставува намалување за 3.6 % во однос на академската 2018/2019 година.Бројот на запишани студентки изнесува 29 515 или 57.1 %. Најголем број студенти (85.3%) се запишани на државните високообразовни установи, додека 14 % се запишани на приватните високообразовни установи.Бројот на наставници и соработници во високообразовните установи во академската 2019/2020 година изнесува 4 437. Од вкупниот број наставници и соработници, 3 162 или 71. % се наставници и 1 275, т.е. 29 % се соработници во наставата. Бројот на наставнички и соработнички во учебната 2019/2020 година изнесува 2 176 или 49 %.

Во 2019 година, звањето магистер на науки и специјалист го стекнале вкупно 1.916 лица од кои 1 736 или 90.6 % се магистри и 180 или 9.4 % се специјалисти. Бројот на магистри и специјалисти, во споредба со 2018 година, е зголемен за 1.6 %. Учеството на жените магистри во вкупниот број на лица кои стекнале научен степен магистер на науки, во 2019 година изнесува 60.1 %.

Според податоците на Државниот завод за статистика, во 2019 година, звањето доктор на науки го стекнале 204 лица, што претставува намалување за 16 % во споредба со 2018 година. Бројот на жените што одбраниле докторска дисертација во текот на 2019 година изнесува 122 кандидатки, што претставува 59.8 % од вкупниот број лица што докторирале во 2019 година. Од вкупниот број докторирани лица, најголем процент, 24%, својата професија ја вршат во образовната дејност.

Вкупниот број на истражувачки организации изнесува 148. Вкупиот број на вработени во научно-истражувачка дејност изнесува 10.400. Вкупниот број на научно-истражувачки проекти во 2018 година изнесува 1002 (од кои 562 завршени проекти и 440 незавршени – проекти во тек) . Бројот на објавени научни истражувачки проекти – трудови, во 2018 година изнесува 2565, од кои 878 од областа на општествени науки, 673 природни науки, 86 земјоделски науки, 348 од областа на медицинските науки, 443 инжинерство и технологија и 137 хуманистички науки.

Постоењето систем за образование на возрасни овозможува подигнување на квалитетот на образованието на возрасните во делот на формалното и неформалното образование, а со цел задоволување на потребите на пазарот на трудот преку обезбедување на кадар со потребните компетенции и вештини... Центарот за образование на возрасните верификува посебни програми кои водат до вештини.

### 1.2.3 ПЕСТ АНАЛИЗА (АНАЛИЗА НА ПОЛИТИЧКИ, ЕКОНОМСКИ, СОЦИЈАЛЕН И ТЕХНОЛОШКИ ПЛАН):

Анализата на политички, економски, социјален и технолошки план (ПЕСТ анализа) е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на надворешните фактори врз работењето на Министерството за образование и наука.

Оттука од аспект на политичките фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука како најважни се:

- стратешки приоритети и приоритетни цели на Владата на Република Северна Македонија
- заклучоците кои произлегуваат од седниците на Владата кои треба да ги спроведе Министерството за образование и наука, во согласност со своите надлежности

Поважни економски фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука се:

- обезбедени финансиски средства во рамки на Буџетот на Република Северна Македонија
- пристап до меѓународни програми и фондови (пр. Хоризонт Европа, Еразмус +, Еурека, ИПА фондови...)
- можности за обезбедување на средства од донори за спроведување на одредени проектни активности

Поважни социјални фактори кои имаат влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука се:

- координација со граѓанскиот сектор
- здравствената состојба и развојот на пандемијата Ковид 19

Технолошки фактор кој има влијание врз функционирањето на Министерството за образование и наука е:

- напредокот на дигиталните вештини и технологии

### 1.2.4 SWOT АНАЛИЗА:

SWOT (Strenghts, Weaknesses, Opportunities and Threats) или анализа на предностите, слабите страни, можностите и опасностите (закани) е корисен метод кој ни овозможува да го согледаме влијанието на внатрешните фактори врз работењето на Министерството за образование и наука.

Предности на Министерството за образование и наука се:

- соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ регулативата
- донесена сеопфатна Стратегија за образовието 2018-2025 г. и голем број на стратешки документи и концепции
- сертификација согласно новата верзија на стандардот ISO 9001:2015
- соодветно едуциран и обучен кадар
- посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски
- подготвеност за брза реакција и промени во случај на непредвидени ситуации

Слаби страни на Министерството за образование и наука, кои се нотирани и со спроведената функционална анализа се:

- недостаток на човечки ресурси во одредени сектори
- непополнети раководни позиции (раководители на сектори и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени функции во внатрешното работење на Министерството.
- нема централизирана архива во Министерството. Не постои електронска архива, ниту електронска достава на документи (ДМС не се употребува во целост).

Можности за подобрување на постојната состојба на Министерството за образование и наука се:

- соодветна распределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација на вработени, и/или трансфери на вработени во соодветни сектори каде би можеле да дадат поголем придонес.
- Надградба на знаењето и стручно усовршување на вработените преку генерички обуки, и специјализирани обуки потребни за развој на технички знаења и компетенции за вработените.

Опасности (закани) за редовното фукционирање на Министерството за образование и наука се:

- одлив на вработени кадри од министерството по основ на пензионирање и ненавремено пополнување на работните места со нови луѓе кои ќе го преземат знаењето и искуството
- непредвидени ситуации поврзани со развојот на КОВИД 19 вирусот

| ПРЕДНОСТИ: | СЛАБИ СТРАНИ: |
|---|---|
| - соодветна правна рамка (законски и подзаконски акти) усогласени со ЕУ регулативата<br>- донесена сеопфатна Стратегија за образовието 2018-2025 г. и голем број на стратешки документи и концепции<br>- сертификација согласно новата верзија на стандардот ISO 9001:2015<br>- соодветно едуциран и обучен кадар<br>- посветеност на вработените за квалитетно и навремено завршување на работните задачи и обврски<br>- подготвеност за брза рекација и промени во случај на непредвидени ситуации | - недостаток на човечки ресурси во одредени сектори<br>- непополнети раководни позиции (раководители на сектори и одделенија) што предизвикува неможност за делегирање на овластувања и одговорности за одредени функции во внатрешното работење на Министерството.<br>- нема централизирана архива во Министерството. Не постои електронска архива, ниту електронска достава на документи (ДМС не се употребува во целост). |
| МОЖНОСТИ: | ОПАСНОСТИ (ЗАКАНИ): |
| - соодветна распределба на вработените на соодветни места за кои се квалификувани, преквалификација на вработени, и/или трансфери на вработени во соодветни сектори каде би можеле да дадат поголем придонес.<br>- Надградба на знаењето и стручно усовршување на вработнеите преку генерички обуки, и специјализирани обуки потребни за развој на технички знаења и компетенции за вработените. | - одлив на вработени кадри од министерството по основ на пензионирање и ненавремено пополнување на работните места со нови луѓе кои ќе го преземат знаењето и искуството<br>- непредвидени ситуации поврзани со развојот на КОВИД 19 вирусот |

## 1.2.5 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ЗА 2019 ГОДИНА:

### ПРОГРАМА 1: ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**ПОТПРОГРАМА 1: Донесување/имплементација на нов Закон за основно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во месец јануари 2019, организирана е широка јавна расправа со сите образовни установи, претставници од граѓански организации и меѓународни институции по однос на Извештајот подготвен од ОЕЦД во соработка со МОН и Уницеф, за состојбите во образовниот систем

во земјата. Овој извештај е земен како основа за креирање на сите образовни политики и како основа за новиот Закон за основно образование.

- Законот за основно образование е донесен од страна на Собранието, на 109-та седница, одржана на 30.07.2019 и е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019. Новиот закон започна да се имплементира од учебната 2019/2020 година..

**ПОТПРОГРАМА 2: Стандарди во основното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Изготвени се предлог - Национални стандарди за основно образование, кои се темелат на 8-те клучни компетенции за доживотно учење, и истите се доставени до ОЕЦД со цел нивно стручно ревидирање, пред да бидат усвоени.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта („Службен весник" бр.23 од 31.01.2019)
- На 30.05.2019 пуштен е во употреба нов училишен објект за ОУ „Вера Јоциќ" Маџари, Гази Баба, во тек е изградба/доградба на три основни училишта: (нов училишен објект за ОУ во Љубош, село Батинци, Општина Студеничани, нов училишен објект ОУ „Димитар Македонски", населба Лисиче, Општина Аеродром и доградба и надградба на ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште,Општина Чашка).
- Завршена е реконструкцијата на шеснаесет училишта
- Во тек е реконструкција на седум основни училишта.
- Завршени се со изградба осум училишни спортски сали, а во фаза на изградба се четиринаесет училишни спортски сали
- Донесен е нов Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019) со кој значително се унапредува професионалниот развој на наставниците и стручните соработници и се воведува модел за нивен кариерен развој (унапредување)
- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во основните училишта за 2019 година
- Во тек се активностите за имплементација на проектот „Improving quality of education – Teacher training" од ИПА Акциски документ 2017: (завршена е првата селекција и одбрани се 4 компании до кои е доставена тендерската документација и формирана е нова Комисија за евалуација за тендерското досие (од компаниите од првата селекција)).
- Започнаа подготвителните активности за нов проект за основно образование финансиран со заем од Светска банка кој ќе се насочи кон: Реформа на системот на следење и евалуација на националниот прогрес во учење, Зајакнување на компетенциите на училишното раководство и на наставниците и Подобрување на учењето на ниво на училиште.
- Министерството за образование и наука и Уницеф во месец февруари, потпишаа двогодишна програма за соработка 2019-2020, согласно која се предвидени следните активности: „Зајакнување на капацитетите на наставниците за инклузивно образование преку обезбедување обука и континуирана поддршка успешно да се прифатат новите методи и пристапи" и „Развивање и пилотирање модули за инклузивно образование наменети за раководниот кадар во училиштата". Биротот за развој на образование со поддршка на Уницеф во првата половина од 2019 година спроведоа обуки во основните училишта за „Зајакнување на капацитетите на наставниците за инклузивно образование".

- Во сите основни училишта (фазно) се спроведува проектот на Британски совет, со поддршка од МОН, МИОА и БРО „Училишта на 21 век". Проектот меѓудругото опфаќа и обуки за директорите и наставниците за современи методи за настава (дигитални вештини и вештини за критичко размислување и решавање на проблеми). Во првата, втората и третата фаза од проектот со обуки опфатени се 215 училишта и директори и 1351 наставник Во рамки на проектот спроведена е обука за советниците од БРО и инспекторите на ДПИ.
- Советниците од Бирото за развој на образованието во периодот декември 2018 година – април 2019 година ги посетија училиштата во коишто се реализира меѓународното тестирање ТИМС. Советниците работеа со стручните активи во училиштата на разрешување на дилемите околу темите и содржините што се опфатени со тестирањето, разгледување на „отворените задачи (ајтеми)" од претходните тестирања и ги следеа часовите на коишто наставниците ги подготвуваа учениците за тестирањето.
- Се имплементира Проектот „Инклузија на деца кои се надвор од училиштата во образовниот систем", кој го спроведуваат МОН, БРО, Управата и ДПИ во соработка со МЦГО и Финдација „Песталоци". Во Проектот се опфатени 12 општини и 18 училишта.
- Спроведен е Јавниот повик и ангажирани се Образовни медијатори за ученици Роми во основно образование, во насока на нивна целосна инклузија и поддршка во рамки на воспитно-образовниот процес.
- Доделени се парични награди за освоено прво место на државен натпревар, на ученикот и наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од основното образование за државни натпревари организирани во 2019 година.
- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Министерството за образование и наука ја поддржа иницијативата на ЕТФ за новата алатка SELFIE за саморефлексија на училиштата во однос на користење на дигиталната технологија. Алатката се пилотираше во 4 основни училишта и во тек е евалуација и споделување на искуства на регионално ниво, пред истата да биде имплементирана во сите основни училишта на национално ниво.
- Финансиски се поддржани 64 основни училишта за реализација на заеднички активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција за учебната 2018/2019. Објавен е јавниот повик за учебната 2019/2020 .

**ПОТПРОГРАМА 3: Ревизија на наставните програми и учебници во основното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесени се нови наставни програми по предметот музичко образование во шесто, седмо, осмо и деветто одделение Воведените новини, односно нови содржини придонесуваат кон унапредување на концептот на родова еднаквост и мултикултурализам – запознавање и почитување на различностите.
- Врз основа на новата наставна програма по граѓанско образование за 9-то одделение во основно образование, која започна да се применува од 1 септември 2019 и наставна програма по граѓанско образование за 8-мо одделение во основно образование, која се применува од 1 септември 2018 на 16.05.2019., заочната е постапка за одобрување на учебници.
- Од страна на Владата усвоена е Информација со предлог концепт за воведување на сеопфатно сексуално образование, согласно Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.

- Во насока на унапредување на образованието на помалите етнички заедници, од учебната 2019/2020 година (септември 2019) воведена е можност за уште два изборни предмета од трето одделение Јазик и култура на Србите и Јазик и култура на Турците, за ученици кои не ја следат наставата на српски односно турски јазик. Во постапка на одобрување се учебници по предметот Јазик и култура на Ромите – изборен (6., 7.,8. и 9. одд.), босански јазик (1-во и 2-ро одд.), и српски јазик (1-во и 2-ро одд.),
- Завршена е постапката и одобрени се учебници по предметите: Работа со компјутер и основи на програмирање за четврто одделение, Географија за седмо и осмо одделение, Иновации за деветто одделение, а во фаза на одобрување се учебници по предметот:. општество (4.одд.), географија (9-то одделение) информатика (6-то и 7-мо одд.), музичка уметност (од 6-то до 9-то одделение.), граѓанско образование (8. и 9 одд.), работа со компјутер и основи на програмирањето (3-то и 5-то одделение)

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Основно образование, реализирани се сите активностите за 2019 година планирани со Стратешкиот план 2019-2021 година, со што истата во целост придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука. Во текот на 2019 година, донесени се неколку нови законски решенија со што се подобри квалитетот на образовниот систем во земјата, и се унапреди образованието на учениците со попреченост и сите ученици со посебни образовни потреби во насока на имплементација на Целите на ОН за одржлив развој (Цел 4 – обезбедување квалитетно и еднакво образование за сите).

**ПРОГРАМА 2: СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Стандарди во средното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во месец јануари 2019, организирана е широка јавна расправа со сите образовни установи, претставници од граѓански организации и меѓународни институции по однос на Извештајот подготвен од ОЕЦД во соработка со Уницеф, за состојбите во образовниот систем во земјата.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта („Службен весник” бр.23 од 31.01.2019)
- Завршена е реконструкцијата на две средни училишта: СОУ Ѓошо Викентиев о.Кочани и СОУ Гостивар.
- Во тек е реконструкција на две средни училишта ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски“, Охрид и СОУ „Љупчо Сантов“, Кочани
- Завршена е изградба на три училишни спортски сали, а во фаза на изградба е една училишна спортска сала.
- Донесен е нов Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.161/2019 од 5.8.2019) со кој значително се унапредува професионалниор развој на наставниците и стручните соработници и се воведува модел за нивен кариерен развој (унапредување)
- Република Северна Македонија учествуваше во ПИСА тестирањето 2018, за што резултатите беа објавени во декември 2019. Северна Македонија една од земјите со најголем напредок помеѓу две тестирања, односно со највисок скок.
- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во средните училишта за 2019 година

- Во тек се активностите за имплементација на проектот „Improving quality of education – Teacher training” од ИПА Акциски документ 2017: (завршена е првата селекција и одбрани се 4 компании до кои е доставена тендерската документација и формирана е нова Комисија за евалуација за тендерското досие (од компаниите од првата селекција)).
- Изготвена е нова наставна програма по граѓанско образование за прва година во средно образование со јасно определени резултати од учење, односно покрај компетенциите кои се однесуваат на сѐ она што се очекува учениците да знаат, разбираат или умеат да прават, главен акцент е ставени на тоа како тие го прифаќаат систем на вредности, потребни за функционирање како демократски и активни граѓани. Во тек е постапка за одобрување на учебник по предметот Граѓанско образование, за прва година во средно стручно образование.
- Финансиски се поддржани 26 средни училишта за реализација на заеднички активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција, за учебната 2018/2019 година. Објавен е јавниот повик за учебната 2019/2020 година.

**ПОТПРОГРАМА 2: Реформа на средното стручно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Од учебната 2019/2020 година (септември 2019) во сите средни стручни училишта во прва година (за сите 52 квалификации), започнаа да се применуваат новите реформирани модуларни наставни програми, со ЕЦВЕТ кредити, базирани на резултати од учење (за стручните и за општо-образовните предмети). За таа цел донесени се 79 нови наставни програми за стручните предмети и 19 нови наставни програми за општо-образовните програми за прва година. Изготвени и донесени се 209 наставни програми за стручните предмети и 16 нови наставни програми за општо-образовните програми за втора година, 414 наставни програми за стручните предмети и 25 нови наставни програми за општо-образовните програми за трета година и 389 програми за стручните и општообразовните предмети за четврта година за сите 52 квалификации.
- На 27 јуни 2019, објавен е Конкурс за издавање на учебници за I година средно стручно четиригодишно образование, општо-образовни предмети, и во тек е постапка за одобрување
- Набавена е опрема за средните стручни училишта (испорачана е целокупната опрема за училиштата од секторот- Земјоделство, рударство и ветеринарство, од секторот Градежништво и геодезија, од секторот Графичарство, од секторот Економија , право и трговија и од секторот Угостителство и туризам).
- Спроведен е трет повик за доделување на грантови за соработка меѓу средните стручни училишта и бизнис секторот
- Континуирано се спроведуваат активности во рамки на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“ и истиот, почнувајќи од оваа ќе се имплементира во следните 10 години, преку повеќе етапи од кои првата треба да заврши во 2022. Во рамки на проектот формирана е Работна група која ќе работи на утврдување на нов модел на финансирање на средното стручно образование
- На 18 април 2019 (пред започнување на уписите во средните стручни училишта), МОН започна кампања за промоција на средното стручно образование како вистински избор за младите.
- Продолжи со имплементација дуалното стручно образование во учебната 2019/2020.

- Потпишан е Меморандум за разбирање и соработка помеѓу МОН, БРО, ЦССО и Здружение Џуниор ачивмент Македонија за имплементација на проектот на УСАИД „Поддршка на претприемничко образование во Европа и Евроазија".
- Изготвен е предлог Концепт за учење преку работа, од страна на ЦСОО во соработка со ЕТФ .
- Изготвени се анализи од страна на ЕТФ во соработка со секторот за средно образование за регионални VET училишата (две анализи). Првата анализа се фокусира на стручното образование и образованието за возрасни во трите региони (Полошки, Североисточен и Југозападен). Ги истражува запишувањето, капацитетите, профилите и можностите за развој. Втората анализа ја разгледува моменталната и идната побарувачка на вештини во трите региони, при што дава преглед на состојбата на економијата и пазарот на трудот. Врз основа на овие анализи изготвен е Концептот за регионални VET центи.
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 од 27.12.2019) со кој е даден законски основ за основање на регионалните центри и утврдени се трите регионални центри (во полошки, североисточен и југозападен регион).: Средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ" – Куманово, Средното општинско стручно училиште „Моша Пијаде" - Тетово и Општинското угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески" -, Охрид
- Континуирано се реализираат активности што произлегуваат од ЕУ Програмата Еразмус+

**ПОТПРОГРАМА 3: Унапредување на ученичкиот стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард (Службен весник на Република Македонија бр. 20/2019 од 30.01.2019). Со измените на Законот се дава основ, министерството да доделува дополнителни финансиски средства на ученичките домови. Врз основа на законите измени, донесени се одлуки за доделување на финансиски средства на сите ученички домови.
- Донесена е Програма за ученички стандард, „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2019
- Набавен е мебел во вредност од 50 милиони денари за сите ученички домови, и истиот е доставен до сите ученички домови.
- Бирото за развој на образованието, во соработка со Програмата за мировно образование при Првата детска амбасада во светот – „Меѓаши" организираше втора обука за воспитувачите од ученичките домови, на тема „Основен тренинг за мировно образование и градење мир". Обуката се одржа од 28 до 30. 03. 2019 г. Целта на обуката беше запознавање на воспитувачите со мировното образование и градењето на мирот, за да можат со учениците да спроведуваат воспитно-образовни активности на соодветните теми.
- Спроведени се Конкурсите за доделување на ученички стипендии за учебната 2019/2020 година
- На 28.10. 2019, објавен е Конкурс за доделување на стипендии во пет категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2019/2020 година
- Спроведен е Конкурсот за поддршка на млади при купување на музички инструменти (кој се однесува на средношколци од средните музички училишта)
- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот и Јавниот повик за

доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Средно образование (општо и средно стручно образование) и ученички стандард, реализирани се најголем број од активностите планирани со Стратешкиот план 2019-2021 година (реализирани се 19 од 20 предвидени активности), со што истата во целост придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука. Во текот на 2019 година, донесени се неколку нови законски решенија и измени на постојни закони со што значитечно се подобри квалитетот на образовниот систем и системот на стручно образование во земјата.

**ПРОГРАМА 3: ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Унапредување на квалитетот на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Започнати се постапки за формирање на Национален совет за високо-образование и научно-истражувачка дејност и Агеннција за квалитет на високото образование. На седницата на Собрание одржана на 25.12.2019 година, именуван е директор на Агенцијата за квалитет.
- Во првата половина од годината, високо-образовните установи ги усогласија своите статути, со новиот Закон за високо образование.
- Донесени се два подзаконски акти, согласно новиот Закон за високото образование и истите се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.81/2019 од 22.04.2019 година и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/2019 од 02.07.2019 година.
- Изготвен е Извештај за дизајн на софтвер за акредитираните високообразовни установи, кој беше споделен со сите високообразовни установи за да им се овозможи да достават коментири и сугестии. Изработена е и анализа за мигрирање на податоците и/или мануелно внесување на податоците од постојните информациски системи на восико-образовните установи во новиот софтвер. Тендерската спецификација за развој на софтверот е изготвена и објавен е јавен повик за доставување на понуди за развој на софтверот во дневните весници и на веб страната на МОН. Јавното отварање на доставените понуди ќе се одржи на 8 јануари 2020.

**ПОТПРОГРАМА 2: Развивање на ефикасен систем за финансирање на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во јануари, 2019 година, меѓународниот консултант ангажиран за утврдување на нов модел за финансирање на високо-образовните установи го достави Извештајот со предлог модел за финансирање на високото образование.
- На 13.02.2019 година, се одржа работилница и меѓународниот консултант го презентираше предлог новиот модел за финансирање на високото образование пред ректорите и проректорите на државните универзитети. Во тек е усогласување на предлог моделот за финансирање со сите релевантни страни.

**ПОТПРОГРАМА 3: Унапредување на студентски стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во тек е реализација на активности за подобрување на инфраструктурните услови во следните објекти:
  - Изградба на студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово
  - Во однос на изградбата на објект со подземни гаражи и партерно уредување за Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ во Скопје (ФИНКИ) и објект за Факултет за физичко образование спорт и здравје при УКИМ во Скопје (ФФОСЗ), на 169-та седница на Владата, одржана на 10.12.2019 усвоена е Информација за добивање одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишни договори за продолжување со изградба на објектите
- На 19.12.2019 потпишан е Договор помеѓу МФ, МОН и KfW Банката за за унапредување на условите за сместување и престој во државните студентски домови, во вредност од 25 милиони евра за енергетски ефикасна обнова на седум постојни објекти во Скопје, Прилеп, Битола, Штип и Охрид. Проектот ќе започне да се имплементира во 2020 година, а согласно плановите и проекциите треба целосно да биде заокружен во 2024 година.
- Набавена е нова опрема за студентскиот дом Гоце Делчев (Блок В и Г)
- Во тек е санација на партер со инфраструктурна мрежа и пристапни патеки во комплекс на СД Гоце Делчев Скопје.
- Спроведен е тендер за изработка на техничка документација за санација/ замена на дотраени материјали на Зграда 1, Зграда 2 и Зграда 3 за СД "Стив Наумов", СД Скопје
- Донесена е Програма за студентски стандард за 2019 година, Службен весник на Република Македонија бр. 5/2019 година
- Донесен е нов Правилник за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија (Службен весник бр. 168/2019 од 13.8.2019. Со Правилникот се утврдува и нов тип на стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.
- Објавен е Конкурс за доделување на студентски стипендии и Конкурс за доделување на стипендии на студенти Роми
- На 7 јуни, од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Агенцијата за млади и спорт, промовирана е „Европската младинска картичка".
- Спроведен е Конурсот за поддршка на млади при купување на музички инструменти (кој се однесува на студенти од музичките академии).
- Спроведен е Конкурс за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров) за академската 2019/2020 година.
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Закон за студентскиот стандард („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19 од 18.06.2019 година).

<u>ОЦЕНКА:</u> Во рамки на Програмата - Високо образование и студентски стандард, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2019-2021 година, со што истата делумно придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

## ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ

### ПОТПРОГРАМА 1: Ревизија на правната рамка за истражување и развој

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Програма за научно-истражувачката дејност за 2019 година
- Продолжија активностите за изготвување на Стратегија за паметна специјализација (Завршен е документот „Преглед на актуелните политики и инструменти за наука, технологија, иновации и економски развој, кластери и индустриска политика" кои се во тесна корелација и важност при изработка на Стратегијата за паметна специјализација).
- Продолжија активностите на Работната група за изготвување на предлог - Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap)
- Донесен е нов Правилник за начинот на финансирањето на организација на научни собири и учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство

### ПОТПРОГРАМА 2: Зголемување на националните средства за истражувачка дејност

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство за академската 2019/2020 година
- Спроведен е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2018 година
- Спроведен е Јавен повик за надомест на средства платени за објавување на научни трудови
- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии "Борис Трајковски" за студии од втор циклус на Извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд за академската 2019/2020

### ПОТПРОГРАМА 3: Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Потпишан е. Меморандумот за рамка за соработка за Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа е потпишан од страна на Претседателите на Владите на состанокот во Познан, Полска, на 4 јули 2019, а во месец септември, отпочна развојната техничка фаза на проектот за изградба на SEEIIST – Меѓународниот институт за одржливи технологии за земјите од Југоисточна Европа.
- Во 2019 продолжи исплатата на носителите на научно-истражувачките проекти во рамки на билатералната соработка со Австрија (15) и НР Кина (13), а во месец декември одобрени се нови 30 билатерлани проекти со НРКина кои ќе се финансираат во периодот 2020-2021 година.
- Во тек е финализирање на Договорот за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти помеѓу Република Северна Македонија и Република Франција.

- Редовно се одржуваа инфо денови за промоција на Х2020. „Мари Кири програмата за мобилност“, програмата КОСТ и отворените повици.
- Министерството за образование и наука изрази интерес за учество во European Social Survey (ESS ERIC), и номинираше претставник во Генералното заседание, и контакт лице за ESS ERIC (од Институтот за политичко-правни и социолошки истражувања). Барањето на МОН беше одобрено и Република Северна Македонија е поканета да учествува на 10-то заседание
- Спроведен е Конкурс за стипендии за студиски престој во земјите членки на CEEPUS Програмата
- Министерството за образование и наука потпиша Договор со EBSCO Publishing , со кој се овозможува на високо-образовните и научните установи да имаат пристап до до базите на EBSCO Publishing за периодот 2019-2022 година

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Вложување во науката, истражувањето и иновациите, реализирани се поголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2019-2021 година, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука. Со мерките преземени во 2019 г. вложено е во развојот на научно-истражувачката дејност и иновациите во земјата.

## 1.2.6 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ПРОГРАМИТЕ, ПОТПРОГРАМИТЕ И АКТИВНОСТИТЕ ВО 2020 ГОДИНА :

**ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Согласно новиот Закон за основно образование („Службен весник” бр.161/2019 од 5.8.2019), донесени се подзаконските акти и документи:
  - Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во основното училиште („Службен весник” бр.28/20 од 7.2.2020)
  - Правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција која се води во основно училиште во кое се реализира ИБ програма („Службен весник” бр.28/20 од 7.2.2020)
  - Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за покривање на трошоците за котизација и пат за учество на еден меѓународен натпревар од областа на математиката, информатиката и природните науки („Службен весник” бр.49/20 од 21.2.2020)
  - Правилник за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава бр.12-4095/1 од 23.3.2020
  - Правилник за начинот и обемот на работните задачи во рамките на работното време на наставниците и стручните соработници во текот на 40-часовна работна недела бр. 18-4809/1 од 5.5.2020 г.
  - Упатство за настава во продолжен престој на ученици од различни паралелки и различни одделенеија бр. 18-6567/1 од 6.7.2020 г.
  - Упатство за настава во продолжен престој на ученици од иста паралелка бр. 18-6568/1 од 6.7.2020 г.
  - Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр. 18-6570/1 од 6.7.2020
  - Правилник за начинот и поблиските критериуми за организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделени предмети на општинско, регионално и државно ниво бр.18-6573/1 од 6.7.2020 г.

- Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови бр. 18-6575/1 од 6.7.2020 г.
- Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма на основното училиште бр. 18-6579/1 од 6.7.2020 г.
- Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија бр. 18-6466/2 од 10.7.2020 г.
- Правилник за начинот за избор на наставници кои работат во странство бр. 12-8133/1 од 28.8.2020
- Правилник за формата и содржината на дипломите, како и начинот на нивно издавање бр.18-11034/1 од 9.10.2020 („Службен весник" бр.250/20 од 19.10.2020)
- Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за признавање на свидетелство бр. 18-11216/1 од 14.10.2020 („Службен весник" бр.250/20 од 19.10.2020)
- Програма за обезбедување туторство на ученици од основното образование 12-11599/1 од 20.10.2020
- Програма за професионална ориентација за ученици од осмо и деветто одделение бр.12-11595/1 од 20.10.2020
- Правилник за професионални компетенции за директор бр.12-11597/1 од 20.10.2020
- Правилник за формата и содржината на потврдата со која детето по извршена проверка, се запишува во соодветното одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-11951/1 од 27.10.2020 г.
- Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта бр.12-11946/1 од 27.10.2020 г.
- Програма со содржини за личниот и социо-емоционалниот развој на учениците, за часот на одделенската заедница бр.12-11535/4 од 20.10.2020 за 1-во до 3-то одделение; бр.12-11535/3 од 20.10.2020 за 4-то до 6-то одделение и бр.12-11535/2 од 20.10.2020 за 7-мо до 9-то одделение
- Правилник за формата и содржината на обрасците за признавање, односно еквиваленција и начинот на водење на евиденцијата бр. 18-12191/1 од 30.10.2020
- Инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница со бр.02-1196/1 од 30.10.2020
- Наставен план и програма за децата на државјаните на Република Северна Македонија кои престојуваат во странство бр.12-12604/2 од 12.11.2020
- Програми за изучување на македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и поддршка за надоместување на знаењето од одредени наставни предмети, за деца со странско државјанство или деца без државјанство, децата бегалци, барателите на азил, децата со статус на признаен бегалец, деца под супсидијарна заштита и деца под привремена заштита бр. 12-12604/3 и бр.12-12604/4 од 12.11.2020
- Правилник за формата и содржината на прекршочниот платен налог бр. 18-12746/1 од 12.11.2020 („Службен весник" бр.277/20 од 20.11.2020)
- Правилник за формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата бр 18-13189/1 од 23.11.2020 („Службен весник" бр.286/20 од 1.12.2020)
- Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент бр. 18-13724/2 од 2.12.2020 г.
- Правилник за стандардите за исхраната и за оброците во основно училиште бр.18-14496/1 од 17.12.2020 г.
- Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница бр.12-15044/2 од 24.12.2020 г.
- Правилник за начинот на утврдување на исполнетоста на условите за основање на основно училиште и верификацијата на основното училиште бр.12-14928/1 од 23.12.2020 г („Службен весник" бр.314/20 од 30.12.2020)
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистрите (централен регистар на основните училишта кој го води МОН и регистар на основни училишта кој го води секоја општина за своето подрачје) бр.12-14932/1 од 23.12.2020 г („Службен весник" бр.314/20 од 30.12.2020)
- Прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.12-15308/1 од 29.12.2020
- Правилник за следење и вреднување на работата на наставниците 18-15334/1 од 30.12.2020 г.

- Донесена е Концепција за воннаставни активности бр. 12-2897/2 од 5.3.2020 година.
- Донесена е Концепција за национално оценување (државно тестирање) бр.18-5737/1 од 12.6.2020 година.
- Донесен е Концепт за развивање систем за образование од далечина бр.08-4895/2 од 21.7.2020 година

- Формирана е Работна група од сите релевантни чинители и во изготвена е предлог нова Концепција за основно образование.
- Формирана е Работна група и изготвена е предлог Концепција за наставни средства и дидактички материјали
- Од страна на Бирото за развој на образованието изработен е Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта
- Во тек е развивање и усогласување со препораките на ОЕЦД на Националните стандарди за основно образование, кои се темелат на 8-те клучни компетенции за доживотно учење.
- Донесени се нови наставни програми по предметите странски јазици во шесто, седмо, осмо и деветто одделение.
- Почнувајќи од 1 октомври, односно со почеток на новата учебната година, согласно Законот за основно образование, обезбеден е т.н тандем наставник по физичко образование за прво и второ одделение од основно образование, односно покрај одделенскиот наставник, наставата по физичко образование ја изведува и предметен наставник по физичко образование.
- За учебната 2020/2021 година обезбедени се согласности за ново финансирање за 264 работни места по основ на проширена дејност (наставници по одделенска настава, наставници по физичко и здравствено образование, одржување на ЕСАРУ, стручни соработници)
- Во тек е изградба/доградба на шест основни училишта: нов училишен објект за ОУ во Љубош, село Батинци, Општина Студеничани, нов училишен објект ОУ „Димитар Македонски", населба Лисиче, Општина Аеродром, доградба и надградба на ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште,Општина Чашка, ООУ „Наим Фрашери" КО Мала Речица, Тетово, Изградба на крило за ОУ „Тихомир Милошевски" с. Волково (новоселски пат), о.Ѓорче Петров и изградба на крило за ОУ „Димитар Поп Беровски" нас Хром, о.Ѓорче Петров
- Завршена е реконструкцијата на 16 училишта ОУ Бајрам Шабани –Куманово (санитарии и подови). ОУ Јосип Броз Тито - Струга, ОУ Бајрам Шабани - Сарај, Кондово – (прозори и санитарии), ОУ Лирија - Долнени, Житоше, ОУ Васил Главинов Чаир, адаптација на простор за санитарен јазол со реконструкција на крило, Реконструкција на котлара во ОУ 25 мај нас..Сингелич, о.Гази Баба, Скопје, ОУ Гоце Делчев – Виница – санација на кров и ОУ Кирил и Методиј, Тетово- замена на кров, ОУ Бајрам Шабани, Куманово - реконструкција на фасада и санација на кров, ОУ Наим Фрашери, Куманово- реконструкција на фасада, ОУ Јероним де Рада, с.Черкези, Куманово - реконструкција на фасада, ОУ Јосип Броз Тито Струга - реконструкција на фасада и санација на кров, ОУ Мурат Лабуништи, с.Лабуништа, Струга - реконструкција на фасада, ОУ Тошо Арсов, Штип - реконструкција на фасада и санација на кров, Реконструкција на систем за топловодно греење во ОУ Блаже Конески, о.Велес и реконструкција на опожарен објект ПУ „Страшо Пинџур" село Крупиште, општина Карбинци.
- Завршени се со изградба единаесет училишни спортски сали: ОУ „Андон Зако Чајупи" Липково, ОУ Фаик Коница, Доброште, Теарце. ОУ „Култура" с.Матејче, општина Липково, ОУ „Вера Јоциќ" Гази Баба Скопје, ОУ „Гоце Делчев", Конче, ОУ „Јоаким Крчоски" во Волково, општ. Ѓорче Петров, ОУ „Битолски конгрес" Чаир, ОУ „Вера Циривири Трена" (ново име ОУ Али Фетхи Окјар), Дебреште, Долнени, ОУ „Александар Здавковски" Јегуновце, ОУ „7 Март" Опае, општина Липково и ОУ „Сали Лиси"во Добридол, Врапчиште
- Во фаза на изградба се 7 училишни спортски сали во основни училишта:, ОУ „Фаик Коница" Грешница, Кичево, ОУ „Никола Вапцаров" во Струмица, ОУ Фаик Коница с.Дебреше, о.Гостивар, ОУ Милто Гура, Стрелци, Кичево, ОУ Методи Митевски Брицо, ОУ Страшо Пинџур, Кавадарци и ОУ Ашим Агуши, Радолишта, Струга.
- Во сите основни училишта (фазно) продолжи да се спроведува проектот на Британски совет, со поддршка од МОН, МИОА и БРО „Училишта на 21 век".

- Изготвени се финални верзии на испитниот материјал (тестови и прашалници) за учество во меѓународното тестирање PIRLS 2021 и одржани се вебинари со наставниците и директорите како подготовка за учеството.
- На 10.12.2020 објавени се резултатите од учеството во меѓународното тестирање ТИМС. Република Северна Македонија во математичка писменост од 58 држави е на 45 место, а во природни наука на 51 место.
- Спроведен е јавниот повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво за ученици од основните училишта, Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда односно златен, сребрен или бронзен медал на меѓународен натпревар, како и Повикот за кодирање за 2020 година
- Ажуриран е веб сајтот е-учебници и на истиот се објавени 65 учебници за основно и 400 учебници за средно образование кои се во сопственост на МОН на сите наставни јазици;
- Од страна на Националната комисија одобрен е учебник по предметот босански јазик за I одделение.
- Спроведени се постапки за исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предметот: Македонски јазик за I и за II одделение, Јазик и култура на Ромите (изборен) за 3-то одделение.
- Завршена е постапката за исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предметот: Јазик и култура на Власите (изборен) за 3-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение и Јазик и култура на Бошњаците (изборен) за 3-то, 4-то, 5-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение

**ПОТПРОГРАМА 2: Недискриминација, почитување на различностите и инклузивно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Концепција за инклузивно образование бр.18-6577/1 од 6.7.2020г.
- Во насока на подобрување на пристапот до образование на децата кои не биле вклучени во настава:
  - Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за признавање на свидетелство бр. 18-11216/1 од 14.10.2020 („Службен весник" бр.250/20 од 19.10.2020) – за ослободување на трошоци за корисници на гарантирана минимална помош
  - Програма за обезбедување туторство на ученици од основното образование 12-11599/1 од 20.10.2020
  - Правилник за формата и содржината на потврдата со која детето по извршена проверка, се запишува во соодветното одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-11951/1 од 27.10.2020 г.
  - Инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница со бр.02-1196/1 од 30.10.2020
  - Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница бр.12-15044/2 од 24.12.2020 г.
  - Прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.12-15308/1 од 29.12.2020
- Спроведен е Јавниот повик и ангажирани се Образовни медијатори за ученици Роми во основно образование, во насока на нивна целосна инклузија и поддршка во рамки на воспитно-образовниот процес (35 образовни медијатори за ученици Роми од 28 општини)
- Се имплементира Проектот „Инклузија на деца кои се надвор од училиштата во образовниот систем", кој го спроведуваат МОН, БРО, Управата и ДПИ во соработка со МЦГО и Финдација „Песталоци". Во Проектот се опфатени 12 општини и 18 училишта.

- Продолжија активностите за имплементација на Проектот „Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование", кој го спроведува ФООМ, во соработка со Фондација Чекор по чекор, НВО Дендо вас и МОН.
- Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта бр.12-11946/1 од 27.10.2020 г., кое е споделено со сите основни училишта.
- Донесен е Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент бр. 18-13724/2 од 2.12.2020 г.
- Во Буџетот за 2021 година, обезбедени се средства за образовани и лични асистенти, за кои МОН целосно ќе ги покрива трошоците од учебната 2021/2022 година.
- За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Европската делегација. Со првата, 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите, со средства од ЕУ.
- На 13.11.2020 на интернет страницата на МОН објавен е Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е пристапноста за учениците со попреченост.
- Во рамки на програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран", доделени се и 287 стипендии за деца со попреченост коишто се вклучени во редовното образование, за прво и второ одделение, се со цел да се поддржат семејства и учениците со основните материјали коишто им се потребни
- Донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр. 18-6570/1 од 6.7.2020
- Донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови бр. 18-6575/1 од 6.7.2020 г.
- Педагошка служба достави барање до авторите и Издавачките куќи да предложат исправки или дополнувања од стручен, методолошки, технички како и од аспект на превод и адаптирање, а истите да не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот и спроведе постапка на ревизија на одредени учебници од аспект на родова еднаквост (околу 40 учебници). Првичниот избор за учебници што требаше да се ревидираат од аспект на родова сензитивност, беа учебниците во сопственост на Министерството за образование и наука, кои за прв пат ќе се печатат и оние кои ќе се печатат по петгодишна употреба. Од страна на БРО направена е анализа на содржината од апсект на родова еднаквост и недискриминација на 15 учебници од кои 7 во основното образование и 8 во средното образование.
- Министертвото за образование и наука го повлече од употреба учебникот по Македонски јазик за петто одделение, поради несоодветна и дискриминирачка содржина.
- На 3.11.2020 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, за учебната 2020/2021 година

- Во месец декември се спроведоа обуките на наставниците за пилот програмата за сексуално образование. Воведувањето сеопфатно сексуално образование во основните училишта, ќе значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството.
- Новата предлог Концепција за основно образование, има посебна глава за Обезбедување родова сензитивност/рамноправност. Во неа меѓудругото е уредено дека „образованието поттикнува вклучување на родовата перспектива во обуката на наставниците, реализира настава низ содржини во кои нема експлицитни родови стереотипи, и користи пристап кој е родово сензитивен и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги." Концепцијата исто така уредува: „Промовирање на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и вонналставните активности независно од полот, односно спротивно на стеретипните очекувања поврзани со полот/родот."

**ПОТПРОГРАМА 3: Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Согласно новиот Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник" бр.161/2019 од 5.8.2019), донесени се сите подзаконски акти
- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во основните училишта за 2020 година.
- На системот за управување со учење на БРО, поставени се три обуки: Обука за инклузивно образование (развиена со поддршка на Уницеф), Обука/курс за реализирање на настава со користење на различни ИКТ средства за учење (развиена од страна на БРО и надворешен провајдер) и Обука за критичко размислување и решавање на проблеми (развиена во рамки на проектот „Училишта на 21 век").
- Развиен е е-системот за кариерен развој, но поради пандемијата донесена е одлука Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите, да се применува од 1 јуни 2021 година, од кога ќе важи и одредбата за објавување на јавниот повик за напредување во звање
- Во основните училишта формирани се стручните активи, согласно Законот за основното образование
- Во основните училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта
- Во месец ноември формирана е работна група за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-обрзовниот кадар
- Донесен е Правилник за изменување на правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите (Службен весник бр.308/20 од 23.12.2020), со кој е

утврдено рокот за објавување на Јавниот повик за добивање на звање наставник-ментор и наставник-советник да се објавува во месец јануари наместо јуни, на интернет страната на МОН.

- Врз основа на измената на Правилникот, Владата на 35-та седница одржана на 29.12.2020 донесе Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година.
- Подготвен е Јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор, кој се објави на веб страната на МОН на 4 јануари 2021г.

**ПОТПРОГРАМА 4: Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесен е Правилникот за професионални компетенции на директорот бр.12-11597/1 од 20.10.2020.
- Од страна на Државен испитен центар изготвен е протокол за спроведување на обука и испит за директори и истиот врз основа на позитивно мислење од Комисијата за заразни болести е усвоен од страна на Владата.

Организирање на воспитно-образовниот процес од далечина, во услови на пандемијата КОВИД 19:

- Имајќи ја предвид актуелната состојба со пандемијата КОВИД 19, Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница ги донесе и следните заклучоци, мерки и препораки:
  - Да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија од 11 март 2020
  - Да се прекине со посета на сите вонnаставни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваат вон наставата (посета на воспитно-образовни активности, курсеви, дополнителни часови, спортски тренинзи и слично)
- На 13.3.2020 г. МОН на својата веб страна објави бесплатни дигитални платформи, апликации и содржини за учење дома
- На 16.3.2020 г. на МРТВ започнува емитувањето на едукативна програма наречена „ТВ училница“. На националниот телевизиски сервис се емитува едукативни содржини по предметите кои учениците ги изучуваат на училиште. Наставници ги предаваа лекциите кои во овој период требаше да бидат совладани согласно наставните планови и програми. Додека за децата од претшколска возраст се емитуваа едукативни емисии и приказни согласно нивната возраст.
- По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна состојба („Службен весник“ бр.76/20, бр.116/20 и бр.128/20). Со Уредбата е пропишано дека наставата во основните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Врз основа на Уредбата, донесено е Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечениско учење, односно учење од дома, бр.12-4217/1 од 30.3.2020 година.

- На 24.3.2020 од страна на министерот промовирана е национална платформа за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), изготвена од страна на МОН, БРО и МТСП (наставници и воспитувачи) со поддршка на Уницеф.
- Владата на 58-та седница одржана на 29.5.2020г. донесе Протокол за утврдување на процедурата за запишување на ученици во прво одделение во основните училишта („Службен весник" бр.140/20 од 29.5.2020).
- Во месец јуни МОН, БРО и Уницеф започнаа со спроведување на сеопфатно истражување во основните и средните училишта поврзано со здравствената криза и КОВИД-19 што, во голема мера, влијаеше на начинот на кој се реализира воспитно-образовниот процес во земјата. Целта на истражувањето е да ги сумира сите релевантни искуства и да го процени севкупното влијание на пандемијата COVID-19 врз образовниот процес во земјата.
- Министерството за образование и наука во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство подготви неколку законски и подзаконски акти за реализација на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, која започна на 1 октомври 2020 година, поточно:
    - План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година
    - Протоколи за постапување на основните односно средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година
    - Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителео/позитивен на ковид-19
    - Поединечни протоколи на посебните училишта за постапување и реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/21 година
    - Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование
    - Уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта
    - Одлука за утврдување на започнувањето и завршувањето на учебната година во услови на вонредни околности, согласно која учебната 2020/2021 година започнува на 1 октомври 2020 година, а завршува на 31 август 2021 година.
    - Одлуки за утврдување на максималниот број на ученици во паралелка во основните односно средните училишта во услови на вонредни околности, согласно која во училиштата во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во паралелка е 20 ученика;
    - Одлука за траење на наставниот час во услови на вонредни околности во основните училишта согласно која наставниот час во училиштата трае 30 минути во наставата со физичко присуство во или 30 минути со пет минути за приклучување на националната платформа за настава преку далечинско учење

- Имајќи предвид дека со Уредбата е одлучено учебната година да трае 160 дена, од страна на БРО во текот на месец септември изработени се скратени наставни програми за сите предмети во основно образование, и организирана е обука за сите наставници.
- Владата формираше Комисија која ги разгледува поднесените барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство на учениците во училиштата од четврто до деветто одделение во основното образование и од прва до четврта година во средното образование. Врз основа на предлог на Комисијата Владата донесе согласност во 596 објекти да се одвива настава со физичко присуство во основно образование.
- Во текот на месец септември 2020, започна да се развива национална платформа, која овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот. Националната платформа овозможува организација на содржините во форма на е-училници, одржува онлајн настава со помош на Microsoft Teams, овозможува изведување на онлајн тестови и сл..Во втората половина од месец септември, од страна

на МОН и БРО спроведени се обуки за сите наставници за начинот на користење на националната платформа (преку каскаден модел: национални обучувачи – училишни обучувачи - сите наставници)

- Повторно започна емитувањето на едукативната програма „ТВ училница“ на МРТВ, , додека платформата за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), продолжи да се дополнува во наставни и интерактивни содржини од страна на наставниците.
- За учениците коишто немаат уреди за онлајн учење, а сепак треба да учат на далечина, покрај едукативната програма на МРТВ, училиштата односно наставниците имаат обврска да им печатат материјали и редовно да им ги доставуваат, но и да бидат во постојана комуникација со нив и нивните семејства, за да го следат совладувањето на наставниот материјал.
- Паралелно со овие процеси, се работеше на обезбедување на стабилна и брза интернет конекција за училиштата и на обезбедување на хардвер опрема за социјално ранливите категории со помош на приватниот сектор.
- МОН, МЗ и МТСП во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија воспоставија линија за помош на родители, деца и млади, имајќи предвид дека во време на пандемија, психосоцијалната поддршка е најважна за зачувување на менталното здравје на децата, учениците и родителите.
- Министерството на дневна основа ги следи состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко просуство и во целата држава тој е помал од 1 процент. Заклучно со 4.12.2020 активни заболени ученици со физичко присуство се 76, што е 0,06 проценти од вкупниот број ученици, и 167 наставници, што е помалку од 1 процент од вкупниот број наставници во нашата држава. Ова се факти кои зборуваат дека интерно ширење на вирусот во училиштата нема, дека образовниот систем е стабилен и училиштата ги почитуваат мерките и здравствените протоколи

ОЦЕНКА: Во текот на 2020 година светот се соочи со една од најголемените пандемии, што во голема мера влијаеше и на степенот на имплементација на мерките и активности предвидени со Стратешкиот план на министерството за 2020-2022 година. Сите земји во светот се соочија со ситуација во која не постои можност за вообичаено функционирање на формалното образование, а потребно беше да се обезбеди континуитет во образованието за сите ученици. Тоа подразбираше имплементација на многу нови мерки и активности, кои не беа предвидни со Стратешкиот план, како организирање на систем за образование од далечина, и одложување од имплементација на други мерки. Оваа криза, освен несигурноста и стравот што го предизвика, поттикна и барање нови решенија за организација и реализација на наставата и учењето. Тоа е едновремено и можност за подобро разбирање на разни аспекти на наставата и учењето и идентификување нови алатки и контексти за поддршка на учењето на сите деца и млади. Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно основно образование, реализирани се сепак поголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2020-2022 година, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТЛНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Зголемување на постигањата на учениците во средното образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Формирана е Работна група од сите релевантни чинители, која работи на изготвување на нова Концепција за средно образование, врз основа на која ќе биде изготвен и нов Закон за средно образование.
- Завршена е реконструкцијата на седум средни училишта: ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски", Охрид и СОУ Љупчо Сантов, Кочани. СОУ Коле Нехтенин, Штип - санација на кров, СОУ Таки Даскало, Битола - санација на кров, СОУ – гимназија Мирче Ацев, Прилеп- санација на кров и ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски, Охрид - санација на кров и реконструкција на фасада и реконструкција на санитарни јазли во СОУ Орде Чопела, о.Прилеп
- Изградена е училишна спортска сала во СОУ Наце Буѓони – Куманово.
- За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Европската делегација. Со првата, 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите, со средства од ЕУ.
- На 13.11.2020 на интернет страницата на МОН објавен е Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е пристапноста за учениците со попреченост.
- На 3.11.2020 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, за учебната 2020/2021 година
- Согласно новиот Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник" бр.161/2019 од 5.8.2019), донесени се сите подзаконските акти
- Развиен е е-системот за кариерен развој, но поради пандемијата донесена е одлука Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите, да се применува од 1 јуни 2021 година, од кога ќе важи и одредбата за објавување на јавниот повик за напредување во звање
- Во средните училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта
- Од страна на ДИЦ изготвени се тестовите и прашалниците а на 29.10.2020 со онлајн обуки на наставниците и директорите од средните училишта на ниво на држава, ДИЦ и МОН ги започнаа подготовките за престојното пробно тестирање за ПИСА 2021
- ДИЦ и МОН од учебната 2020/2021 година, покрај стариот модел на реализација на проектната задача воведоа и нови можности за реализација на истата, базирани на интересите на учениците и на глобалните трендови во образованието, културата и социјалниот живот на младите. Покрај оваа измена, испитите од листата за полагање на екстерни предмети, е проширена со уште два нови предмета.
- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во средните училишта за 2020 година
- Во месец ноември формирана е работна група за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-обрзовниот кадар

- На 10 април 2020, објавени се Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот и Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата.
- На 11 јуни 2020, на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделени предмети во средно образование (државни натпревари)
- Педагошка служба достави барање до авторите и Издавачките куќи да предложат исправки или дополнувања од стручен, методолошки, технички како и од аспект на превод и адаптирање, а истите да не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот и спроведе постапка на ревизија на одредени учебници од аспект на родова еднаквост (околу 40 учебници). Првичниот избор за учебници што требаше да се ревидираат од аспект на родова сензитивност, беа учебниците во сопственост на Министерството за образование и наука, кои за прв пат ќе се печатат и оние кои ќе се печатат по петгодишна употреба. Од страна на БРО направена е анализа на содржината од апсект на родова еднаквост и недискриминација на 15 учебници од кои 7 во основното образование и 8 во средното образование.
- Формирана е Работна група и изготвена е предлог Концепција за наставни средства и дидактички материјали
- Континуирано се реализираат активности што произлегуваат од ЕУ Програмата Еразмус+, а МОН до Европска Комисија достави писмо за интерес за вклучување на земјата во новиот циклус на Еразмус програмата и Програмата Европски корпус на солидарност 2021-2027 година.

**ПОТПРОГРАМА 2: Реформа на средното стручно образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Континуирано се спроведуваат активности во рамки на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“
- Центарот за стручно образование и обука изготви „Водич низ квалификациите во стручното образование“. Истиот е објаваен на интернет страниците на МОН, ЦСОО и БРО.
- Продолжи со имплементација дуалното стручно образование во учебната 2019/2020, за образовниот профил ,,Техничар за индустриска мехатроника од електротехничка струка” во четири стручни училишта, за образовен профил ,,Техничар за производно машинство” во три стручни училишта и за образовниот профил ,,Електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи” во две стручни училишта.
- Во месец декември се одржа финалниот натпревар за најдобра ученичка компанија во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, во рамки на соработката со МОН и ЦСОО.
- Од страна на ЦСОО изготвени се стандардите за простор и опрема за осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри.
- Донесен е Концепт за учење преку работа бр.08-4305/2 од 13.4.2020 г.
- Работна група во која се вклучени и претставници од бизнис секторот, работи на изготвување на нов Закон за стручно образование и обука.

- Во месец ноември од страна на Владата донесени се одлуки општинските училишта „Ванчо Питошески“ Охрид, Моша Пијаде Тетово и Киро Бурназ Куманово да продолжат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука односно како државни средни училишта од 1.1.2021 година.
- За прв пат од оваа учебна година, во Одлуката за ученички стипендии додадена е категорија на стипендии за ученици од средно стручно образование – дефицитарни струки.

**ПОТПРОГРАМА 3: Ученички стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Одлука доделување на ученички стипендии (талентирани ученици, талентирани ученици спортисти, ученици од социјално ранливи категории, ученици деца без родители и родителска грижа, ученици со посебни потреби, ученици од дефицитарни струки и ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година) за учебната 2020/2021 година, спроведен е конкурсот и доделени се стипендиите
- Врз основа на пријавените апликации, зголемен е бројот на стипендии за ученици со посебни потреби, за ученици од социјално-ранливите категории, за ученици кои реализираат наставни програми од електро-техничка струка, односно сектор електро-техника и за ученици Роми
- За прв пат од оваа учебна година, отворена е можноста за целосно електронско аплицирање за стипендија (без потреба од доставување на документи во хартиена форма).
- Формирана е работна група МОН – млади, која ќе биде вклучена во креирањето на сите важни политики и процеси поврзани со младите и унапредувањето на младинскиот стандард, како и реформите во образованието. На 3.11.2020 се одржа on-line состанок на Работната група, на која беше донесен Деловник за работа и беше избран претседавач.
- Донесена е Уредба со законска сила за доделување на финансиски поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба. Одобрени се 98 апликации.

<u>Организирање на воспитно-образовниот процес од далечина, во услови на пандемијата КОВИД 19:</u>

- Имајќи ја предвид актуелната состојба со пандемијата КОВИД 19, Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница ги донесе и следните заклучоци, мерки и препораки:
    - Да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија од 11 март 2020
    - Да се прекине со посета на сите вонаставни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваат вон наставата (посета на воспитно-образовни активности, курсеви, дополнителни часови, спортски тренинзи и слично)

- По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за средно образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.76/20, бр.116/20 и бр.128/20). Со Уредбата е пропишано дека наставата во средните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Врз основа на Уредбата, донесено е Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечениско учење, односно учење од дома, бр.12-4217/1 од 30.3.2020 година. Учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година се ослободуваат од полагањето на државна матура, училишна матура, завршен испит. На учениците училиштето им издава диплома за завршено средно образование.
- По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата на седницата, одржана на 30 март 2020 година, донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за ученички стандард за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.84/20 од 30.3.2020). Со Уредбата е пропишано дека во ученичките домови може да се остваруваат активности на сместување на лица на кои им е определена мерка строга изолација (карантин) за време на траење на вонредна состојва.
- Донесена е Уредба со законска сила за доделување на финансиски поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба
- На 24.3.2020 од страна на министерот промовирана е национална платформа за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), изготвена од страна на МОН, БРО и МТСП (наставници и воспитувачи) со поддршка на Уницеф.
- Од страна на ЦСОО узготвено е Упатство (насоки и совети) за реализација на далечинско учење во средно стручно образование.
- Владата на 58-та седница одржана на 29.5.2020г. донесе Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за време на запишувањето на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година („Службен весник" бр.140/20 од 29.5.2020) и Протокол за постапување на Математичко-информатичката гимназија за време на полагање на приемниот испит на учениците во учебната 2020/2021 година („Службен весник" бр.140/20 од 29.5.2020).
- Владата, на предлог на МОН на 60-та седница одржана на 2 јуни 2020 година, донесе Протокол со кој се утврдува начинот на проверка на способностите за спортски вештини на учениците, во услови на Ковид 19, согласно препораките на Комисијата за зарази болести.
- Во месец јуни МОН, БРО и Уницеф започнаа со спроведување на сеопфатно истражување во основните и средните училишта поврзано со здравствената криза и КОВИД-19 што, во голема мера, влијаеше на начинот на кој се реализира воспитно-образовниот процес во земјата. Целта на истражувањето е да ги сумира сите релевантни искуства и да го процени севкупното влијание на пандемијата COVID-19 врз образовниот процес во земјата.
- Од страна на Работна група формирана во рамки на БРО во која се вклучени и претставници од МОН изготвен е предлог план и протоколи за одржување на наставата во учебната 2020/2021 година
- Министерството за образование и наука во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство подготви неколку законски и подзаконски акти за реализација на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, која започна на 1 октомври 2020 година, поточно:
    - План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година

- Протоколи за постапување на основните односно средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година
- Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на ковид-19
- Протокол за постапување на средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука во Република Северна Македонија за спроведување на практичната настава со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година;
- Општ Протокол за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач;
- Протоколи за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот машинство, секторот земјоделие, рибарство и ветерина, секторот хемија и технологија и секторот лични услуги
- Поединечни протоколи на посебните училишта за постапување и реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/21 година
- Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование
- Уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта
- Одлука за утврдување на започнувањето и завршувањето на учебната година во услови на вонредни околности, согласно која учебната 2020/2021 година започнува на 1 октомври 2020 година, а завршува на 31 август 2021 година.
- Одлуки за утврдување на максималниот број на ученици во паралелка во основните односно средните училишта во услови на вонредни околности, согласно која во училиштата во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во паралелка е 20 ученика;
- Одлука за траење на наставниот час во услови на вонредни околности во средните училишта согласно која наставниот час во училиштата трае 35 минути во наставата со физичко присуство односно 35 минути со пет минути за приклучување на националната платформа за настава преку далечинско учење

- Имајќи предвид дека со Уредбата е одлучено учебната година да трае 160 дена, од страна на БРО во текот на месец септември изработени се скратени наставни програми за сите предмети во средно образование, и организирана е обука за сите наставници.
- Владата формираше Комисија која ги разгледува поднесените барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство на учениците во училиштата од четврто до деветто одделение во основното образование и од прва до четврта година во средното образование. Врз основа на предлог на Комисијата Владата донесе согласност во 16 објекти во средно образование да се одвива настава со физичко присуство во основно образование.
- Во текот на месец септември 2020, започна да се развива национална платформа, која овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот. Националната платформа овозможува организација на содржините во форма на е-училници, одржува онлајн настава со помош на Microsoft Teams, овозможува изведување на онлајн тестови и сл..Во втората половина од месец септември, од страна на МОН и БРО спроведени се обуки за сите наставници за начинот на користење на националната платформа (преку каскаден модел: национални обучувачи – училишни обучувачи - сите наставници)
- За учениците коишто немаат уреди за онлајн учење, а сепак треба да учат на далечина, покрај едукативната програма на МРТВ, училиштата односно наставниците имаат обврска да им печатат материјали и редовно да им ги доставуваат, но и да бидат во постојана комуникација со нив и нивните семејства, за да го следат совладувањето на наставниот материјал.
- Паралелно со овие процеси, се работеше на обезбедување на стабилна и брза интернет конекција за училиштата и на обезбедување на хардвер опрема за социјално ранливите категории со помош на приватниот сектор.

- МОН, МЗ и МТСП во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија воспоставија линија за помош на родители, деца и млади, имајќи предвид дека во време на пандемија, психосоцијалната поддршка е најважна за зачувување на менталното здравје на децата, учениците и родителите.
- Министерството на дневна основа ги следи состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко просуство и во целата држава тој е помал од 1 процент. Заклучно со 4.12.2020 активни заболени ученици со физичко присуство се 76, што е 0,06 проценти од вкупниот број ученици, и 167 наставници, што е помалку од 1 процент од вкупниот број наставници во нашата држава. Ова се факти кои зборуваат дека интерно ширење на вирусот во училиштата нема, дека образовниот систем е стабилен и училиштата ги почитуваат мерките и здравствените протоколи
- Закон за изменување и дополнување на Законот за ученички стандард со кој се уредува дека во услови на вонредни околности на учениците кои конкурирале на конкурсите за сместување во општински односно државни домови и следат настава со физичко или комбинирано присуство, и им се одобрени барањата за сместување во дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште.
- Протоколи за работа на јавните ученички домови во услови на вирусот Ковид 19.

<u>ОЦЕНКА:</u> Во текот на 2020 година светот се соочи со една од најголемените пандемии, што во голема мера влијаеше и на степенот на имплементација на мерките и активностите предвидени со Стратешкиот план на министерството за 2020-2022 година. Сите земји во светот се соочија со ситуација во која не постои можност за вообичаено функционирање на формалното образование, а потребно беше да се обезбеди континуитет во образованието за сите ученици. Тоа подразбираше имплементација на многу нови мерки и активности, кои не беа предвидни со Стратешкиот план, како организирање на систем за образование од далечина, и одложување од имплементација на други мерки.. Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно средно образование и ученички стандард, реализирани се поголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2020-2022 година, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука.

**ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД**

**ПОТПРОГРАМА 1: Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Основани се Одборот за акредитација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.50/20 од 24.2.2020) и Одборот за евалуација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.53/20 од 28.2.2020) на Агенцијата за квалитет. На 12.3.2020 одржана е конститутивна седница, свикана од страна на министерот за образование и наука на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација, на кои се избрани претседатели на одборите.

- Донесен е Правилник за образецот на извештајот за работата на Одборот за евалуација на високото образование и Правилник за образецот на извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование, објавени во Службен весник бр. 286/20 од 1.12.2020.
- Претставниците од МОН редовно учествуваа на состаноците на Работната група за признавање на академски квалификации организирана од страна RCC.

**ПОТПРОГРАМА 2: Развивање на ефикасен систем за финансирање и управување на високото образование**

Во рамки на оваа Потпрограма не се реализирани предвидените активности

**ПОТПРОГРАМА 3: Студентски стандард**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во тек е реализација на активности за Изградба на студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово
- Во месец февруари, официјално се пуштени во употреба целосно реновираните Блок В и Блок Г, кујна и менза од СД Гоце Делчев, со што овој студентски дом е целосно реновиран.
- Започнаа подготвителните активности за реализација на Проектот за реновирање на студентските домови (енергетски ефикасни) кој се финансира со заем од KfW.
- Донесена е Одлука за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров) за академската 2020/2021 година и спроведен е конкурсот.
- Спроведен е Конкурсот за сместување на студенти во студентските домови за академската 2020/2021 година.
- Донесена е Одлука и спроведен е Конкурсот за доделување на студентските стипендии за академската 2020/2021 година.
- За прв пат од оваа учебна година, отворена е можноста за целосно електронско аплицирање за стипендија (без потреба од доставување на документи во хартиена форма).
- Изготвени се сите подзаконски акти согласно Законот за субвенциониран студентски оброк, кој треба да започне да се применува од 15 септември 2021 година.

<u>Организирање на наставно-научниот процес од далечина, во услови на пандемијата КОВИД 19:</u>

По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе:

- Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.76/20 и 116/20). Со Уредбата е пропишано дека студиските програми за стекнување на високо образование на трите циклуси и проверката на знаењето се изведуваат преку системот за далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација.
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.134/20), со која уредува дека на високообразовните установи каде постои можност за целосна примена на

протоколот за полагање испити на високообразовните установи, а во согласност со мерките за заштита од коронавирусот COVID 19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, може да се реализираат студиските програми, како и проверката на знаењето, со физичко присуство на студентот.

- Владата на 58-та седница одржана на 29.5.2020г. донесе Протокол за утврдување и постапување на јавните и приватните високообразовни установи, односно единиците во состав при изведување на испитите („Службен весник" бр.140/20 од 29.5.2020)
- Владата на 61-та седница одржана на 5.6.2020г. донесе Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.149/20 од 5.6.2020). со која е пропишано дека;
  - Максималниот износ на партиципација во трошоците за студирање, за студентите запишани на прв циклус на студии на јавен универзитет во академската 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, го утврдува јавниот универзитет, по претходна согласност на Владата
  - Во академската 2020/2021 година може да се врши упис на нови студенти на студии од трет циклус на студиските програми кои се акредитирани за академската 2020/2021 година, студиските програми на кои им е продолжен рокот за важењето на акредитацијата, и студиските програми за кои е започната постапка за реакредитација пред влегување во сила на оваа уредба со законска сила. Студиските програми за кои е започната постапка за реакредитација пред стапување во сила на оваа уредба со законска сила ќе можат да вршат упис на студенти на трет циклус на студии по добивањето на решение за почеток со работа.
- Уредба со законска сила за примена на Законот за студентски стандард за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.84/20 од 30.3.2020). Со Уредбата е пропишано дека за време на траењето на вонредната состојба студентите кои се сместени во државен или приватен студентски дом, се ослободени од партиципирање во цената за сместување и исхрана како и дека во студентските домови може да се остваруваат активности на сместување на лица на кои им е определена мерка строга изолација (карантин) за време на траење на вонредна состојба.
- Програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година („Службен весник" бр.84/20 од 30.3.2020) во која е уредено дека за време на траењето на вонредната состојба, месечната цена за сместување и исхрана која ја исплаќа МОН за студент, изнесува 3.410 мкд, според бројот на студенти сместени во студентски дом заклучно со месец март 2020 година, а ќе се исплаќа за 12 месеци во годината.
- Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба. (одобрени апликации за партиципација во трошоци за студирање на 965 студенти и апликации за партиципација за сместување на 14 студенти).
- Закон за изменување и дополнување на Законот за студентски стандард со кој се уредува дека во услови на вонредни околности на студентите кои конкурирале на конкурсите за сместување во домови и следат настава со физичко или комбинирано присуство, и им се одобрени барањата за сместување во дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е високообразовната установа.

- Протоколи за работа на студентските домови во услови на вирусот Ковид 19.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Квалитетно и инклузивно високо образование и студентски стандард, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2020-2022 година, со што истата делумно придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука. Како резултат на пандемијата Ковид 19, одложена е имплементацијата на дел од активностите и истите ќе продолжат да се реализираат во текот на 2021 година.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Ревизија на правната рамка за истражување и развој**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Продолжија активностите за изготвување на Стратегија за паметна специјализација .
- Продолжија активностите на Работната група за изготвување на предлог - Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap)
- Формирана е Работна група која работи на изготвување на нов Закон за научно-истражувачка дејност

**ПОТПРОГРАМА 2: Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Објавен е Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство за академската 2020/2021 година
- Објавен е Јавен повик за надомест на средства платени за објавување на научни трудови
- Објавен е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2019 година.
- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии "Борис Трајковски" за студии од втор циклус на Извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд за академската 2020/2021
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2020 година
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2020 година
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2020 година
- И во 2020 г. МОН финасиски го поддржа Гласникот на хемичарите и технолозите на Македонија (Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering - MJCCE), единственото списание со импакт фактор од нашата земја.
- Од годинава за прв пат Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Министерството за образование и наука преку грантовското финансирање додели 34 иновациски ваучери со вкупна вредност од 15 милиони денари коишто треба да го поттикнат развојот на науката во нашата држава. Преку овие иновациски ваучери, од една страна се вложува во иновацијата, се отвора можности за младите

директно да учествуваат на проекти кои можат да ја обликуваат нивната кариера, а од друга страна им се овозможува на компаниите да ја зголемат својата конкурентност

- Започнаа активности за дефинирање на предлог - критериуми за воспоставување на Центри за извонредност, како и предлог - критериуми за финансирање на националните истражувачки проекти во 2021 година, со цел да се поттикнат научно-истражувачката работа и вложувањата во науката.
- Објавен е повикот за доделување на наградата „Гоце Делчев“ во 2021 година, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2020 година, во областа на науката

**ПОТПРОГРАМА 3: Учество во регионални иницијативи и меѓународните програми за наука и истражување**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Во месец февруари 2020, во ЦЕРН, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ЦЕРН. Во име на Владата, Меморандумот е потпишан од страна на министерот за образование и наука
- Продолжија активностите на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа. На 30-та седница на Владата, одржана на 15.12.2020 разгледана и усвоена е Информација за оправданоста и придобивките од реализација на иницијативата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) на територијата на Република Северна Македонија.
- МОН (преку МНР) и Министерството за наука и технологија на НР Кина(преку Амбасадата на НР Кина во земјата) го усогласија текстот на Меморандумот за разбирање за заедничко финансирање на проекти за истражување и развој.
- Редовно се одржуваа инфо денови за промоција на Х2020. „Мари Кири програмата за мобилност“, програмата КОСТ и отворените повици. МОН покрена иницијатива до Владата за вклучување во новата програмата Хоризонт Европа.
- Министерството за образование и наука активно учествуваше во активностите на European Social Survey (ESS ERIC)
- Претставниците од МОН, членови на Работната група за отворена наука во рамки на RSS, редовно учествуваа на состаноците на РГ.
- По однос на повикот на RCC за поддршка на високо-образовни и научни установи од шесте земји на ЗБ за кои ќе се обезбеди поддршка од консултанти за изготвување и донесување на Политики за отворена наука, одобрени се барања на три високо-образовни институции од земјата, кои станаа и членки на Асоцијацијата за отворена наука на Западен Балкан.
- Од страна на претседателите на Владите, усвоен е Проколот за соработка помеѓу шесте земји од Западен Балкан за отворена наука.
- МОН достави до ЕК – Директорат за истражување и иновации, номинација на член и заменик член на Управниот комитет на EOSC (Европски облак за отворена наука)
- МОН официјално се приклучи на иницијативата на УНЕСКО за градење на платформа за отворена наука – Ковид 19, со што Република Северна Македонија зема активно учество во размена на искуства и научни истражувања помеѓу сите земји членки на УНЕСКО поврзано со Ковид 19
- Извршени се последни консултации помеѓу Република Северна Македонија (МОН) и Република Франција (Француски институт) по однос на Договорот за соработка за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти.

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Вложување во науката, истражувањето и иновациите, реализирани се дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2020-2022 година, со што истата делумно придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука. Како резултат на пандемијата Ковид 19, одложена е имплементацијата на дел од активностите и истите ќе продолжат да се реализираат во текот на 2021 година.

**ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ**

**ПОТПРОГРАМА 1: Развој на неформалното образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува за прв пат постапката за валидација на неформално и информално учење, и истиот е доставен во владина процедура на усвојување. Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните, како и на улогата, целите и задачите на Центарот за образование на возрасните.
- Верификувани се нови посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции;
- Во соработка со проектот Е4Е започнаа активностите за пилотирање на системот на ВНИУ на две квалификации, фасадер и келнер;
- Во соработка со ДПИ во тек е изготвување на инструмент Индикатори за мерење на квалитет на неформално образование
- Извршен е стручен надзор над 10 установи/институции за образование на возрасни
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните

**ПОТПРОГРАМА 2: Формално образование на возрасните**

Во рамки на оваа Потпрограма, реализирани се следниве активности:

- Верификувани се 22 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација
- Континуирано се спроведува стручен надзор на понудувачи на услуги

ОЦЕНКА: Во рамки на Програмата - Образование на возрасни и доживотно учење, реализирани се најголем дел од активностите планирани со Стратешкиот план 2020-2022 година, со што истата во голема мера придонесува за реализација на стратешките приоритети и приоритетни цели на Владата и приоритетите и целите на Министерството за образование и наука. Како резултат на пандемијата Ковид 19, одложена е имплементацијата на дел од активностите и истите ќе продолжат да се реализираат во текот на 2021 година.

## 1.3 МИСИЈА

Обезбедување квалитетен воспитно - образовен процес, преку примена на современи методи на учење, критичко размислување и интегрирање на информатичка технологија и дигитални вештини во наставата, поддршка на самостојноста на ученикот[1], во процесот на стекнување на знаења, вештини и ставови, за нивна практична примена во реалниот животен контекст, креирање на култура на доживотно учење, воедно вложувајќи во континуиран развој на научно-истражувачката дејност

## 1.4 ВИЗИЈА

Придонес во развивањето на европските образовни вредности преку обезбедување на *сеопфатно, инклузивно и интегрирано образование насочено кон „ученикот"[2]. Создавање на конкурентен национален образовен систем заснован на современи програми што овозможуваат стекнување со знаења, вештини и компетенции согласно потребите на демократското мултикултурно општество, пазарот на трудот и новите предизвици во глобалниот научно-технолошки амбиент. Инвестициите во квалитетен образовен ситем ќе бидат основа за* забрзувањето на темпото на економски раст и поддршка кон определбите за вклучување во научно – истражувачки и иновативни процеси.

## 1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

Министерството за образование и наука ги врши работите во следниве области:

- воспитанието и образованието од сите видови и степени;
- организацијата, финансирањето, развојот и унапредувањето на воспитанието, образованието и науката;
- воспитанието и образованието на децата на државјани на Република Северна Македонија кои се на привремена работа и престој во странство;
- верификацијата на струките и профилите во образованието;
- унпаредување на ученичкиот и студентскиот стандард;
- инвестирање во информатичка технологија и е-образование
- технолошкиот развој, поддршка на иновациите и техничката култура;
- меѓународна научно-техничка соработка;
- надзорот од негова надлежност
- врши и други работи утврдени со закон.

---

[1]Во овој контекст, под терминот „ученик" се подразбира секој учесник во воспитно-образовниот процес.

[2]Во овој контекст, под терминот „ученик" се подразбира секој учесник во воспитно-образовниот процес..

## 1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА МИНИСТЕРСТВОТО

Вршењето на работите за кои е надлежно Министерството за образование и наука се засноваат на надлежностите и обврските што произлегуваат од Законот за организација и работа на органите на државната управа, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за високото образование, Законот за научно-истражувачката дејност, Законот за ученичкиот стандард, Законот за студентскиот стандард, Законот за поттикнување и помагање на техничката култура, Закон за отворени граѓански универзитети за доживотно учење, Закон за Бирото за развој на образованието, Закон за педагошка служба, Закон за стручно образование и обука, Закон за учебници за основно и средно образование, Закон за Државниот испитен центар, Закон за образование на возрасните, Закон за просветната инспекција, Закон за признавање на професионалните квалификации, Закон за иновациската дејност, Закон за националната рамка на квалификации, Закон за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Закон за наставници во основните и средните училишта, Закон за спортска академија, Закон за Математичко-информатичка гимназија, Закон за високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование и подзаконските акти кои произлегуваат од нив, како и актите за внатрешна организација и систематизација на работните места во Министерството.

Во своето работење министерството ги поддржува следните основни принципи: транспарентност во работата и дисеминација на резултатите; отчетност, поврзаност со сите институции од воспитно-образовниот систем; поврзаност со стопанството; со невладиниот и граѓанскиот сектор и други субјекти кои имаат допирни точки со образованието и наука.

## 1.7 СТРУКТУРА НА МИНИСТЕРСТВОТО


Министер
Државни советници
Заменик министер
Орган во состав
Педагошка служба
Државен секретар
Одделение за управување со човечки ресурси
Одделение за внатрешна ревизија
Сектор за основно образование
Одделение за основно образование
Одделение за финансирање на основно образование и кариерен развој
Сектор за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење
Одделение за средно образование, образование на возрасни и доживотно учење
Одделение за финансирање на средното образование и кариерен развој
Сектор за финансиски прашања
Одделение за буџетска координација
Одделение за буџетска контрола
Одделение за сметководство и плаќање
Сектор за организациони работи на Министерството
Одделение за архивско работење и организациони работи
Одделение за односи со јавност и протокол
Одделение за капитални инвестиции
Одделение за координација на јавните набавки
Одделение за информатичка поддршка
Сектор за Европска унија
Одделение за преговори и интеграција во Европската унија
Одделение за имплементација и координација на ИПА
Одделение за програмирање, мониторинг и евалуација на ИПА
Сектор за наука и иновации
Одделение за развој на научно истражувачките кадри и поддршка на науката и иновациите
Одделение за преведена стручна и научна литература
Сектор за високо образование
Одделение за високообразовна мрежа
Одделение за поддршка на телата за квалитет во високото образование
Сектор за стратешко планирање и анализи за креирање на политики
Одделение за стратешко планирање, следење и евалуација на политики
Одделение за аналитика и истражување на развојно образовани политики
Сектор за ученички и студентски стандард
Одделение за ученички стандард
Одделение за студентски стандард
Сектор за нормативно правни работи
Одделение за нормативно-правни работи во дејностите
Одделение за правосудни, имотно-правни и административни работи
Сектор за меѓународна соработка во образованието
Одделение за еквиваленција и нострификација
Одделение за Национална рамка на квалификации
Одделение за меѓународна соработка во образованието

## 1.8 ОДНОСИ СО ОРГАНИТЕ ВО СОСТАВ




## 1.9 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

За реализација на стратешкиот приоритет и цели на Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука за периодот 2021-2023 година има утврден (4) четири приоритети, за чиешто спроведување се утврдени 22 (дваесет и две) цели:

**Приоритет 1: Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал**

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Подобрување на содржината на основното и средното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното и средното образование
- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните и средните училишта и ученичките домови (иницијални и континуирани обуки)
- Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното и средното образование
- Усогласување на стручното образование и обука со потребите на пазарот на трудот, модернизирање на системот за стручно образование обука и системот за образование на возрасни согласно перспективата за доживотно учење;
- Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување
- Воспоставување на системот на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги
- Унапредување на превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем

**Приоритет 2: Обезбедување квалитетно и инклузивно високо образование и унапредување на студентскиот стандард**

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Обезбедување квалитет и ефективност на високото образование во согласност со европските добри практики
- Подобрување на достапноста и системот за запишување во високото образование
- Подобрување на раководењето и финансирањето на високото образование
- Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование;
- Подобрување на студентскиот живот и стандард на младите и спроведување на мерки со кои тие полесно ќе дојдат до прво вработување и нивно задржување во земјата.
- Унапредување на превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во високото образование

**Приоритет 3: Зголемено вложување и развој на науката, истражувањето и иновациите**

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Воспоставување на механизми за транфер на знаењата на релација наука-стопанство, наука-јавна и државна управа и наука-невладини организации;
- Ревизија на правната рамка за истражување и развој;
- Зголемување на националните средства за истражувачка дејност;
- Поддршка за креирање на Стратегијата за паметна специјализација;
- Поддршка на активностите на Фонд за иновации и технолошки развој
- Зголемување на меѓународната соработка во областа на науката, истражувањето и иновациите

**<u>Приоритет 4: Понатамошно унапредување на системот на доживотно учење:</u>**
Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на следните цели:

- Унапредување на системот на формално образование на возрасните
- Развој на системот за валидација на неформалното и информалното учење

# 1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2019 ГОДИНА:

## ПРОГРАМА 1: ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Во месец јануари 2019, организирана е широка јавна расправа со сите образовни установи, претставници од граѓански организации и меѓународни институции по однос на Извештајот подготвен од ОЕЦД во соработка со МОН и Уницеф, за состојбите во образовниот систем во земјата. Овој извештај е земен како основа за креирање на сите образовни политики и како основа за новиот Закон за основно образование.
- Законот за основно образование е донесен од страна на Собранието, на 109-та седница, одржана на 30.07.2019 и е објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019. Законот содржи одредби кои значат: унапредување на наставниот процес и начин на организација на наставата, зајакнување на темелните уставни вредности во образовниот процес, како што е недискриминацијата, забраната за понижувачко постапување спрема учениците и вработените во училиштата, воспоставување на принцип на целосна инклузија на учениците со попреченост преку сеопфатен систем на поддршка имајќи ги предвид индивидуални потреби на ученикот, професионализација на училишното раководство, елминирање на било какви можности за политички влијанија, воспоставување на систем на ученичко организирање и учество, унапредување на приправничкиот стаж и промена на начинот на полагање на приправнички испит, надворешни мерења на постигањата на учениците за подобрување на воспитно образовниот процес (меѓународни и државни проверки), поддршка на учениците за учество на меѓународни натпревари од областа на математика, информатика и природни науки, унапредување на здравјето на учениците преку така наречен „тандем наставник" односно наставата по физичко и здравствено образование ќе ја реализира наставник по физичко образование заедно со наставникот по одделенска настава... Новиот закон започна да се имплементира од учебната 2019/2020 година. Во тек е изготвување на подзаконските акти, кои произлегуваат од новиот закон.
- Изготвени се предлог - Национални стандарди за основно образование, кои се темелат на 8-те клучни компетенции за доживотно учење, и истите се доставени до ОЕЦД со цел нивно стручно ревидирање, пред да бидат усвоени.

- Донесени се нови наставни програми по предметот музичко образование во шесто, седмо, осмо и деветто одделение Воведените новини, односно нови содржини придонесуваат кон унапредување на концептот на родова еднаквост и мултикултурализам – запознавање и почитување на различностите. Во тек е постапка за одобрување на учебници.
- Врз основа на новата наставна програма по граѓанско образование за 9-то одделение во основно образование, која започна да се применува од 1 септември 2019 и наставна програма по граѓанско образование за 8-мо одделение во основно образование, која се применува од 1 септември 2018 на 16.05.2019. Во тек е постапка за одобрување на учебници.
- Од страна на Владата усвоена е Информација со предлог концепт за воведување на сеопфатно сексуално образование, согласно Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на основни училишта („Службен весник" бр.23 од 31.01.2019)
- На 30.05.2019 пуштен е во употреба нов училишен објект за ОУ „Вера Јоциќ" Маџари, Гази Баба, во тек е изградба/доградба на три основни училишта: (нов училишен објект за ОУ во Љубош, село Батинци, Општина Студеничани, нов училишен објект ОУ „Димитар Македонски", населба Лисиче, Општина Аеродром и доградба и надградба на ОУ Лирија, с.Горно Јаболчиште,Општина Чашка).
- Завршена е реконструкцијата на шеснаесет училишта ОУ „Лазо Ангеловски" –Скопје, ОУ „Крсте П. Мисирков" – Оризари, ОУ „Васил Главинов" – Чаир, ОУ „Никола Карев" – Пробиштип, ОУ „Браќа Миладиновци" – Пробиштип, ОУ „Јероним Де Рада" – Черкезе, ОУ „Бајрам Шабани" – с.Кондово, ОУ „Панајот Гиновски" – Бутел, ОУ „Димка Ангелов Габерот" ПУ село Прждево, о. Демир Капија, ОУ „Јосип Броз Тито" ПУ село Радожда , о.Струга, ОУ „Тошо Арсов" – Штип, ОУ „Наум.Н.Борче" – Маџари, ОУ „Кузман Шапкарев" – Драчево, ОУ „Единство" с.Октиси, о. Струга, ОУ Перпарими, Чегране, Гостивар и ОУ Наим Фрашери, Куманово
- Во тек е реконструкција на седум основни училишта: ОУ „Бајрам Шабани" –Куманово, ООУ „Ј.Б Тито", Струга, ООУ „Лирија", нм. Житоше, ОУ „Васил Главинов" Чаир, адаптација на простор за санитарен јазол со реконструкција на крило, реконструкција на котлара во ОУ „25 мај" нас..Сингелич, о.Гази Баба, Скопје, ОУ Битолски конгрес, Скопје, како и изработка и ревизија на основен проект за ОУ „Васил Главинов" ПУ село Клуковец,о.Велес.
- Завршени се со изградба осум училишни спортски сали: ОУ Реџеп Вока Шипковица Тетово, ОУ „Мурат Лабуништи" Струга, ОУ „Славчо Стојменски" Виница, ОУ „Јероним де Рада" Куманово, ОУ „Тодор Јанев" Чашка, ОУ „Кирил и Методиј" во Општина Центар, Скопје, ОУ „Сами Фрашери" с.Глумово и ОУ „Кочо Рацин" Дојран
- Во фаза на изградба се четиринаесет училишни спортски сали во: ОУ „Андон Зако Чајупи" Липково, ОУ „Фаик Коница" Доброште, Теарце, ОУ „Вера Јоциќ" Гази Баба Скопје, ОУ „Фаик Коница" Грешница, Кичево, ОУ „Вера Циривири Трена" Дебреште, Долнени, ОУ „Гоце Делчев", Конче, ОУ „Култура" с.Матејче, општина Липково, ОУ „Јоаким Крчоски" с.Волково, општина Ѓорче Петров, ОУ „Никола Вапцаров" во Струмица, ОУ „Сали Лиси"во Добридол, Врапчиште, ОУ Фаик Коница с.Дебреше, о.Гостивар, ОУ „Александар Здавковски" Јегуновце, ОУ „Битолски конгрес" Чаир и ОУ „7 Март" Опае, општина Липково
- Донесен е нов Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019) со кој значително се унапредува професионалниот развој на наставниците и стручните соработници и се воведува модел за нивен кариерен развој (унапредување)

- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во основните училишта за 2019 година
- Во тек се активностите за имплементација на проектот „Improving quality of education – Teacher training” од ИПА Акциски документ 2017: (завршена е првата селекција и одбрани се 4 компании до кои е доставена тендерската документација и формирана е нова Комисија за евалуација за тендерското досие (од компаниите од првата селекција)).
- Започнаа подготвителните активности за нов проект за основно образование финансиран со заем од Светска банка кој ќе се насочи кон: Реформа на системот на следење и евалуација на националниот прогрес во учење, Зајакнување на компетенциите на училишното раководство и на наставниците и Подобрување на учењето на ниво на училиште.
- Министерството за образование и наука и Уницеф во месец февруари, потпишаа двогодишна програма за соработка 2019-2020, согласно која се предвидени следните активности: „Зајакнување на капацитетите на наставниците за инклузивно образование преку обезбедување обука и континуирана поддршка успешно да се прифатат новите методи и пристапи” и „Развивање и пилотирање модули за инклузивно образование наменети за раководниот кадар во училиштата”. Биротот за развој на образование со поддршка на Уницеф во првата половина од 2019 година спроведоа обуки во основните училишта за „Зајакнување на капацитетите на наставниците за инклузивно образование”.
- Во сите основни училишта (фазно) се спроведува проектот на Британски совет, со поддршка од МОН, МИОА и БРО „Училишта на 21 век”. Проектот меѓудругото опфаќа и обуки за директорите и наставниците за современи методи за настава (дигитални вештини и вештини за критичко размислување и решавање на проблеми). Во првата, втората и третата фаза од проектот со обуки опфатени се 215 училишта и директори и 1351 наставник Во рамки на проектот спроведена е обука за советниците од БРО и инспекторите на ДПИ.
- Советниците од Бирото за развој на образованието во периодот декември 2018 година – април 2019 година ги посетија училиштата во коишто се реализира меѓународното тестирање ТИМС. Советниците работеа со стручните активи во училиштата на разрешување сите дилеми околу темите и содржините што се опфатени со тестирањето, разгледување на „отворените задачи (ајтеми)“ од претходните тестирања и ги следа часови на коишто наставниците ги подготвува учениците за тестирањето.
- Се имплементира Проектот „Инклузија на деца кои се надвор од училиштата во образовниот систем“, кој го спроведуваат МОН, БРО, Управата и ДПИ во соработка со МЦГО и Финдација „Песталоци”. Во Проектот се опфатени 12 општини и 18 училишта. Одржани се три обуки за училиштата опфатени со проектот. Целта на обуката е да ги зајакне професионалните вештини на наставниците и стручната служба за активно учество во градењето на инклузивна атмосфера во училиштето, преку креирање соодветни услови за прифаќање и задржување на децата кои се надвор од образовниот систем. Во текстот на новиот ЗОО, внесена е законска одредба за ангажирање на образовни медијатори за ученици Роми, за ослободување од трошоци за нострификација за ученици од ранливите групи како и за изготвување на скратени наставни програми за деца кои се со надмината возраст а не се вклучени во образовниот процес.
- Спроведен е Јавниот повик и ангажирани се Образовни медијатори за ученици Роми во основно образование, во насока на нивна целосна инклузија и поддршка во рамки на воспитно-образовниот процес.
- Доделени се парични награди за освоено прво место на државен натпревар, на ученикот и наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот од основното образование за државни натпревари организирани во 2019 година.

- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот.
- Министерството за образование и наука ја поддржа иницијативата на ЕТФ за новата алатка SELFIE за саморефлексија на училиштата во однос на користење на дигиталната технологија. Алатката се пилотираше во 4 основни училишта и во тек е евалуација и споделување на искуства на регионално ниво, пред истата да биде имплементирана во сите основни училишта на национално ниво.
- Финансиски се поддржани 64 основни училишта за реализација на заеднички активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција за учебната 2018/2019 година. Објавен е јавниот повик за учебната 2019/2020 година.
- Во насока на унапредување на образованието на помалите етнички заедници, од учебната 2019/2020 година (септември 2019) воведена е можност за уште два изборни предмета од трето одделение Јазик и култура на Србите и Јазик и култура на Турците, за ученици кои не ја следат наставата на српски односно турски јазик. Во постапка на одобрување се учебници по предметот Јазик и култура на Ромите – изборен (6., 7.,8. и 9. одд.), босански јазик (1-во и 2-ро одд.), и српски јазик (1-во и 2-ро одд.),
- Завршена е постапката и одобрени се учебници по предметите: Работа со компјутер и основи на програмирање за четврто одделение, Географија за седмо и осмо одделение, Иновации за деветто одделение, а во фаза на одобрување се учебници по предметот:. општество (4.одд.), географија (9-то одделение) информатика (6-то и 7-мо одд.), музичка уметност (од 6-то до 9-то одделение.), граѓанско образование (8. и 9 одд.), работа со компјутер и основи на програмирањето (3-то и 5-то одделение)

## ПРОГРАМА 2: СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Во месец јануари 2019, организирана е широка јавна расправа со сите образовни установи, претставници од граѓански организации и меѓународни институции по однос на Извештајот подготвен од ОЕЦД во соработка со Уницеф, за состојбите во образовниот систем во земјата.
- Донесена е Програма за изградба и реконструкција на средни училишта („Службен весник" бр.23 од 31.01.2019)
- Завршена е реконструкцијата на две средни училишта: СОУ Ѓошо Викентиев о.Кочани и СОУ Гостивар.
- Во тек е реконструкција на две средни училишта ОЕМУЦ „Св. Наум Охридски", Охрид и СОУ „Љупчо Сантов", Кочани
- Завршена е изградба на три училишни спортски сали во СУГС Сарај, СОУ Нико Нестор - Струга и СОУ Св.Наум Охридски – Охрид.
- Во фаза на изградба е училишна спортска сали во СОУ Наце Буѓони – Куманово.
- Донесен е нов Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019 од 5.8.2019) со кој значително се унапредува професионалниор развој на наставниците и стручните соработници и се воведува модел за нивен кариерен развој (унапредување)
- Република Северна Македонија учествуваше во ПИСА тестирањето 2018, за што резултатите беа објавени во декември 2019. Северна Македонија една од земјите со најголем напредок помеѓу две тестирања, односно со највисок скок. Конкретно, во областа на читање со

разбирање учениците од земјата го остварија највисокиот скок, односно се на прво место по напредок. Во областа на природните науки на второ место по скок во резултатите и на трето место во областа на математиката. на официјалните ранг листи со држави, Република Северна Македонија е на 62 место по резултатите од природни науки, на 66 место по читање и на 67 место по резултатите од математика.

- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во средните училишта за 2019 година
- Во тек се активностите за имплементација на проектот „Improving quality of education – Teacher training" од ИПА Акциски документ 2017: (завршена е првата селекција и одбрани се 4 компании до кои е доставена тендерската документација и формирана е нова Комисија за евалуација за тендерското досие (од компаниите од првата селекција)).
- Одложена е примената на почетокот на имплементацијата на адаптираните програми од Кембриџ по наставните предмети математика, биологија, хемија и физика во гимназиско образование, средно стручно четиригодишно образование и средно стручно тригодишно образование за учебната 2020-2021 година.
- Изготвена е нова наставна програма по граѓанско образование за прва година во средно образование со јасно определени резултати од учење, односно покрај компетенциите кои се однесуваат на сѐ она што се очекува учениците да знаат, разбираат или умеат да прават, главен акцент е ставени на тоа како тие го прифаќаат систем на вредности, потребни за функционирање како демократски и активни граѓани. Во тек е постапка за одобрување на учебник по предметот Граѓанско образование, за прва година во средно стручно образование.
- Од страна на Владата усвоена е Информација со предлог концепт за воведување на сеопфатно сексуално образование, согласно Националниот план за акција за родова еднаквост 2018-2020.
- Од учебната 2019/2020 година (септември 2019) во сите средни стручни училишта во прва година (за сите 52 квалификации), започнаа да се применуваат новите реформирани модуларни наставни програми, со ЕЦВЕТ кредити, базирани на резултати од учење (за стручните и за општо-образовните предмети). За таа цел донесени се 79 нови наставни програми за стручните предмети и 19 нови наставни програми за општо-образовните програми за прва година. Изгитвени и донесени се 209 наставни програми за стручните предмети и 16 нови наставни програми за општо-образовните програми за втора година, 414 наставни програми за стручните предмети и 25 нови наставни програми за општо-образовните програми за трета година и 389 програми за стручните и општообразовните предмети за четврта година за сите 52 квалификации.
- На 27 јуни 2019, објавен е Конкурс за издавање на учебници за I година средно стручно четиригодишно образование, општо-образовни предмети, и во тек е постапка за одобрување
- Набавена е опрема за средните стручни училишта (испорачана е целокупната опрема за училиштата од секторот- Земјоделство, рударство и ветеринарство, од секторот Градежништво и геодезија, од секторот Графичарство, од секторот Економија , право и трговија и од секторот Угостителство и туризам).
- Спроведен е трет повик за доделување на грантови за соработка меѓу средните стручни училишта и бизнис секторот
- Континуирано се спроведуваат активности во рамки на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија" и истиот, почнувајќи од оваа ќе се имплементира во следните 10 години, преку повеќе етапи од кои првата треба да заврши во 2022. Фокусот е насочен кон унапредување на неформалното и формалното стручно образование во технолошкиот, услужниот и ИТ секторот, а ќе бидат

опфатени млади невработени и несоодветно вработени лица на возраст до 29 години, ученици од стручното образование и обука, со грижа за вклучувањето на жени, Роми, како и лица со попреченост. Во рамки на проектот формирана е Работна група која ќе работи на утврдување на нов модел на финансирање на средното стручно образование

- Спроведена е постапката за упис на учениците во средните училишта во Република Северна Македонија.
- На 18 април 2019 (пред започнување на уписите во средните стручни училишта), МОН започна кампања за промоција на средното стручно образование како вистински избор за младите.
- Продолжи со имплементација дуалното стручно образование во учебната 2019/2020, за образовниот профил „Техничар за индустриска мехатроника од електротехничка струка" во четири стручните училишта, за образовен профил „Техничар за производно машинство" во три стручни училишта и за образовниот профил „Електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи" во две стручни училиште.
- Потпишан е Меморандум за разбирање и соработка помеѓу МОН, БРО, ЦССО и Здружение Џуниор ачивмент Македонија за имплементација на проектот на УСАИД „Поддршка на претприемничко образование во Европа и Евроазија".
- Изготвен е предлог Концепт за учење преку работа, од страна на ЦСОО во соработка со ЕТФ .
- Изготвени се анализи од страна на ЕТФ во соработка со секторот за средно образование за регионални VET училишата (две анализи). Првата анализа се фокусира на стручното образование и образованието за возрасни во трите региони (Полошки, Североисточен и Југозападен). Ги истражува запишувањето, капацитетите, профилите и можностите за развој. Втората анализа ја разгледува моменталната и идната побарувачка на вештини во трите региони, при што дава преглед на состојбата на економијата и пазарот на трудот. Врз основа на овие анализи изготвен е Концептот за регионални VET центи.
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за стручно образование и обука („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 од 27.12.2019) со кој е даден законски основ за основање на регионалните центри и утврдени се трите регионални центри (во полошки, североисточен и југозападен регион).: Средното стручно општинско училиште „Киро Бурназ" – Куманово, Средното општинско стручно училиште „Моша Пијаде" - Тетово и Општинското угостителско-туристичко училиште „Ванчо Питошески" -, Охрид
- Донесена е Одлука за основање на Математичко-информатичка гимназија, која ќе започне со упис на ученици од 2020/2021 година.
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Законот за ученичкиот стандард (Службен весник на Република Македонија бр. 20/2019 од 30.01.2019). Со измените на Законот се дава основ, министерството да доделува дополнителни финансиски средства на ученичките домови. Врз основа на законите измени, донесени се одлуки за доделување на финансиски средства на сите ученички домови.
- Донесена е Програма за ученички стандард, „Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2019
- Набавен е мебел во вредност од 50 милиони денари за сите ученички домови, и истиот е доставен до сите ученички домови.
- Бирото за развој на образованието, во соработка со Програмата за мировно образование при Првата детска амбасада во светот – „Меѓаши" организираше втора обука за воспитувачите од ученичките домови, на тема „Основен тренинг за мировно образование и градење мир". Обуката се одржа од 28 до 30. 03. 2019 г. Целта на обуката беше запознавање на воспитувачите со мировното образование и градењето на мирот, за да можат со учениците да спроведуваат воспитно-образовни активности на соодветните теми.

- Спроведени се Конкурсите за доделување на ученички стипендии (талентирани ученици, талентирани ученици спортисти, ученици од социјално ранливи категории, ученици деца без родители и родителска грижа, ученици со посебни потреби и ученици од туристичко-угостителска струка) за учебната 2019/2020 година
- На 28.10. 2019, објавен е Конкурс за доделување на стипендии во пет категории за ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година од јавните и приватните средни училишта во Република Северна Македонија за учебната 2019/2020 година
- Спроведен е Конкурсот за поддршка на млади при купување на музички инструменти (кој се однесува на средношколци од средните музички училишта)
- Спроведен е Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот и Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата.
- Министерството за образование и наука ја поддржа иницијативата на ЕТФ за новата алатка SELFIE за саморефлексија на училиштата во однос на користење на дигиталната технологија и истата се пилотираше во 8 средни училишта.
- Финансиски се поддржани 26 средни училишта за реализација на заеднички активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранција, за учебната 2018/2019 година. Објавен е јавниот повик за учебната 2019/2020 година.
- Континуирано се реализираат активности што произлегуваат од ЕУ Програмата Еразмус+
- Потпишан е Договор за учество во ЕУ Програмата Европски корпус на солидарност.

## ПРОГРАМА 3: ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Во првата половина од годината, високо-образовните установи ги усогласија своите статути, со новиот Закон за високо образование.
- Донесени се два подзаконски акти, согласно новиот Закон за високото образование и истите се објавени во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.81/2019 од 22.04.2019 година и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.135/2019 од 02.07.2019 година.
- Во тек се постапки за формирање на Национален совет за високо-образование и научно-истражувачка дејност и Агеннција за квалитет на високото образование. На седницата на Собрание одржана на 25.12.2019 година, именуван е директор на Агенцијата за квалитет.
- Во јануари, 2019 година, меѓународниот консултант ангажиран за утврдување на нов модел за финансирање на високо-образовните установи го достави Извештајот со предлог модел за финансирање на високото образование. На 13.02.2019 година, се одржа работилница и меѓународниот консултант го презентираше предлог новиот модел за финансирање на високото образование пред ректорите и проректорите на државните универзитети. Во тек е усогласување на предлог моделот за финансирање со сите релевантни страни.
- Изготвен е Извештај за дизајн на софтвер за акредитираните високообразовни установи, кој беше споделен со сите високообразовни установи за да им се овозможи да доставаат коментири и сугестии. Изработена е и анализа за мигрирање на податоците и/или мануелно

внесување на податоците од постојните информациски системи на восико-образовните установи во новиот софтвер. Тендерската спецификација за развој на софтверот е изготвена и објавен е јавен повик за доставување на понуди за развој на софтверот во дневните весници и на веб страната на МОН. Јавното отварање на доставените понуди ќе се одржи на 8 јануари 2020.

- Во тек е реализација на активности за подобрување на инфраструктурните услови во следните објекти:

- Изградба на студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово
- Во однос на изградбата на објект со подземни гаражи и партерно уредување за Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при УКИМ во Скопје (ФИНКИ) и објект за Факултет за физичко образование спорт и здравје при УКИМ во Скопје (ФФОСЗ), на 169-та седница на Владата, одржана на 10.12.2019 усвоена е Информација за добивање одобрение за отпочнување на постапки за јавни набавки за склучување на повеќегодишни договори за продолжување со изградба на објектите

- На 19.12.2019 потпишан е Договор помеѓу МФ, МОН и KfW Банката за за унапредување на условите за сместување и престој во државните студентски домови, во вредност од 25 милиони евра за енергетски ефикасна обнова на седум постојни објекти во Скопје, Прилеп, Битола, Штип и Охрид. Проектот ќе започне да се имплементира во 2020 година, а согласно плановите и проекциите треба целосно да биде заокружен во 2024 година.
- Набавена е нова опрема за студентскиот дом Гоце Делчев (Блок В и Г)
- Во тек е санација на партер со инфраструктурна мрежа и пристапни патеки во комплекс на СД Гоце Делчев Скопје.
- Спроведен е тендер за изработка на техничка документација за санација/ замена на дотраени материјали на Зграда 1, Зграда 2 и Зграда 3 за СД "Стив Наумов", СД Скопје
- Донесена е Програма за студентски стандард за 2019 година, Службен весник на Република Македонија бр. 5/2019 година
- Донесен е нов Правилник за видот на студентските стипендии и начинот на доделување на студентските стипендии на студентите кои студираат во Република Северна Македонија (Службен весник бр. 168/2019 од 13.8.2019. Со Правилникот се утврдува и нов тип на стипендии за студенти кои се запишани во прва година на студиски програми на високообразовни установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование.
- Објавен е Конкурс за доделување на студентски стипендии и Конкурс за доделување на стипендии на студенти Роми
- На 7 јуни, од страна на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност и Агенцијата за млади и спорт, промовирана е „Европската младинска картичка".
- Спроведен е Конурсот за поддршка на млади при купување на музички инструменти (кој се однесува на студенти од музичките академии).
- Спроведен е Конкурс за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров) за академската 2019/2020 година.
- Донесен е Закон за изменување и дополнување на Закон за студентскиот стандард. Со Законот за изменување и дополнување на Законот за студентскиот стандард , објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.124/19 од 18.06.2019 година се врши изменување на составот на управниот одбор на студентски дом.

**ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ**

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Донесена е Програма за научно-истражувачката дејност за 2019 година
- Продолжија активностите за изготвување на Стратегија за паметна специјализација (Завршен е документот „Преглед на актуелните политики и инструменти за наука, технологија, иновации и економски развој, кластери и индустриска политика" кои се во тесна корелација и важност при изработка на Стратегијата за паметна специјализација).
- Продолжија активностите на Работната група за изготвување на предлог - Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap)
- Потпишан е. Меморандумот за рамка за соработка за Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа е потпишан од страна на Претседателите на Владите на состанокот во Познан, Полска, на 4 јули 2019, а во месец септември, отпочна развојната техничка фаза на проектот за изградба на SEEIIST – Меѓународниот институт за одржливи технологии за земјите од Југоисточна Европа.
- Во 2019 продолжи исплатата на носителите на научно-истражувачките проекти во рамки на билатералната соработка со Австрија (15) и НР Кина (13), а во месец декември одобрени се нови 30 билатерлани проекти со НРКина кои ќе се финансираат во периодот 2020-2021 година.
- Во тек е финализирање на Договорот за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти помеѓу Република Северна Македонија и Република Франција.
- Редовно се одржуваа инфо денови за промоција на Х2020. „Мари Кири програмата за мобилност", програмата КОСТ и отворените повици.
- Министерството за образование и наука изрази интерес за учество во European Social Survey (ESS ERIC), и номинираше претставник во Генералното заседание, и контакт лице за ESS ERIC (од Институтот за политичко-правни и социолошки истражувања). Барањето на МОН беше одобрено и Република Северна Македонија е поканета да учествува на 10-то заседание
- Донесен е нов Правилник за начинот на финансирањето на организација на научни собири и учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири и студиски престои во странство
- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство за академската 2019/2020 година
- Спроведен е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2018 година
- Спроведен е Јавен повик за надомест на средства платени за објавување на научни трудови
- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии "Борис Трајковски" за студии од втор циклус на Извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд за академската 2019/2020
- Спроведен е Конкурс за стипендии за студиски престој во земјите членки на CEEPUS Програмата
- Министерството за образование и наука потпиша Договор со EBSCO Publishing , со кој се овозможува на високо-образовните и научните установи да имаат пристап до до базите на EBSCO Publishing за периодот 2019-2022 година

## 1.11 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО 2020 ГОДИНА:

## ПРОГРАМА 1: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Согласно новиот Закон за основно образование („Службен весник" бр.161/2019 од 5.8.2019), донесени се подзаконските акти
- Донесена е Концепција за воннаставни активности бр. 12-2897/2 од 5.3.2020 година.
- Донесена е Концепција за национално оценување (државно тестирање) бр.18-5737/1 од 12.6.2020 година.
- Донесен е Концепт за развивање систем за образование од далечина бр.08-4895/2 од 21.7.2020 година
- Формирана е Работна група од сите релевантни чинители и во изготвена е предлог нова Концепција за основно образование.
- Формирана е Работна група и изготвена е предлог Концепција за наставни средства и дидактички материјали
- Од страна на Бирото за развој на образованието изработен е Водич за ученичко учество, ученичко организирање и заштита на детските права во основните училишта
- Во тек е развивање и усогласување со препораките на ОЕЦД на Националните стандарди за основно образование, кои се темелат на 8-те клучни компетенции за доживотно учење.
- Донесени се нови наставни програми по предметите странски јазици во шесто, седмо, осмо и деветто одделение.
- Почнувајќи од 1 октомври, односно со почеток на новата учебната година, согласно Законот за основно образование, обезбеден е т.н тандем наставник по физичко образование за прво и второ одделение од основно образование, односно покрај одделенскиот наставник, наставата по физичко образование ја изведува и предметен наставник по физичко образование.
- За учебната 2020/2021 година обезбедени се согласности за ново финансирање за 264 работни места по основ на проширена дејност (наставници по одделенска настава, наставници по физичко и здравствено образование, одржување на ЕСАРУ, стручни соработници)
- Во тек е изградба/доградба на шест основни училишта, завршена е реконструкцијата на 16 основни училишта.
- Завршени се со изградба единаесет училишни спортски сали и во фаза на изградба се 7 училишни спортски сали во основни училишта
- Во сите основни училишта (фазно) продолжи да се спроведува проектот на Британски совет, со поддршка од МОН, МИОА и БРО „Училишта на 21 век".
- Изготвени се финални верзии на испитниот материјал (тестови и прашалници) за учество во меѓународното тестирање PIRLS 2021 и одржани се вебинари со наставниците и директорите како подготовка за учеството.
- На 10.12.2020 објавени се резултатите од учеството во меѓународното тестирање ТИМС. Република Северна Македонија во математичка писменост од 58 држави е на 45 место, а во природни наука на 51 место.
- Спроведен е јавниот повик за акредитација на здруженија на наставници кои организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво за ученици од основните училишта, Јавниот повик за доделување на парична награда за освоена прва, втора или трета награда односно златен, сребрен или бронзен медал на меѓународен натпревар, како и Повикот за кодирање за 2020 година
- Ажуриран е веб сајтот е-учебници и на истиот се објавени 65 учебници за основно и 400 учебници за средно образование кои се во сопственост на МОН на сите наставни јазици;
- Од страна на Националната комисија одобрен е учебник по предметот босански јазик за I одделение.

- Спроведени се постапки за исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предметот: Македонски јазик за I и за II одделение, Јазик и култура на Ромите (изборен) за 3-то одделение.
- Завршена е постапката за исправки и/или дополнувања во текстот на учебникот, а истите не преставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот по предметот: Јазик и култура на Власите (изборен) за 3-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение и Јазик и култура на Бошњаците (изборен) за 3-то, 4-то, 5-то, 6-то, 7-мо, 8-мо и 9-то одделение
- Донесена е Концепција за инклузивно образование бр.18-6577/1 од 6.7.2020г.
- Во насока на подобрување на пристапот до образование на децата кои не биле вклучени во настава:
  - Правилник за формата и содржината на образецот на барањето за признавање на свидетелство бр. 18-11216/1 од 14.10.2020 („Службен весник" бр.250/20 од 19.10.2020) – за ослободување на трошоци за корисници на гарантирана минимална помош
  - Програма за обезбедување туторство на ученици од основното образование 12-11599/1 од 20.10.2020
  - Правилник за формата и содржината на потврдата со која детето по извршена проверка, се запишува во соодветното одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.18-11951/1 од 27.10.2020 г.
  - Инструменти за проверка на знаењата на децата кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница со бр.02-1196/1 од 30.10.2020
  - Правилник за начинот на запишување на децата кои не се вклучени во настава, а се со надмината возрасната граница бр.12-15044/2 од 24.12.2020 г.
  - Прилагодени наставни програми со кои ќе се овозможи вклучување во соодветно одделение на основно образование, за деца кои не биле вклучени во настава, а се со надмината возрасна граница бр.12-15308/1 од 29.12.2020
- Спроведен е Јавниот повик и ангажирани се Образовни медијатори за ученици Роми во основно образование, во насока на нивна целосна инклузија и поддршка во рамки на воспитно-образовниот процес (35 образовни медијатори за ученици Роми од 28 општини)
- Се имплементира Проектот „Инклузија на деца кои се надвор од училиштата во образовниот систем", кој го спроведуваат МОН, БРО, Управата и ДПИ во соработка со МЦГО и Финдација „Песталоци". Во Проектот се опфатени 12 општини и 18 училишта.
- Продолжија активностите за имплементација на Проектот „Редовно на часови: акција за вклучување на Ромите во основното образование", кој го спроведува ФООМ, во соработка со Фондација Чекор по чекор, НВО Дендо вас и МОН.
- Донесено е Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар и другите основни училишта бр.12-11946/1 од 27.10.2020 г., кое е споделено со сите основни училишта.
- Донесен е Правилник за нормативот, описот на компетенциите и работните задачи за образовниот и личниот асистент бр. 18-13724/2 од 2.12.2020 г.
- Во Буџетот за 2021 година, обезбедени се средства за образовани и лични асистенти, за кои МОН целосно ќе ги покрива трошоците од учебната 2021/2022 година.
- За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Европската делегација. Со првата, 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите, со средства од ЕУ.
- На 13.11.2020 на интернет страницата на МОН објавен е Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е пристапноста за учениците со попреченост.

- Во рамки на програмата „Биди ИН, биди ИНклузивен, биди ИНклудиран“, доделени се и 287 стипендии за деца со попреченост коишто се вклучени во редовното образование, за прво и второ одделение, се со цел да се поддржат семејства и учениците со основните материјали коишто им се потребни
- Донесено е Упатство за постапката за пријавување и заштита на ученик-жртва на било која од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр. 18-6570/1 од 6.7.2020
- Донесен е Правилник за начинот на избор на основно училиште, поблиските критериуми и начинот на организирање на наставата во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи како и во домашни услови бр. 18-6575/1 од 6.7.2020 г.
- Педагошка служба достави барање до авторите и Издавачките куќи да предложат исправки или дополнувања од стручен, методолошки, технички како и од аспект на превод и адаптирање, а истите да не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот и спроведе постапка на ревизија на одредени учебници од аспект на родова еднаквост (околу 40 учебници). Првичниот избор за учебници што требаше да се ревидираат од аспект на родова сензитивност, беа учебниците во сопственост на Министерството за образование и наука, кои за прв пат ќе се печатат и оние кои ќе се печатат по петгодишна употреба. Од страна на БРО направена е анализа на содржината од апсект на родова еднаквост и недискриминација на 15 учебници од кои 7 во основното образование и 8 во средното образование.
- Министертвото за образование и наука го повлече од употреба учебникот по Македонски јазик за петто одделение, поради несоодветна и дискриминирачка содржина.
- На 3.11.2020 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, за учебната 2020/2021 година
- Во месец декември се спроведоа обуките на наставниците за пилот програмата за сексуално образование. Воведувањето сеопфатно сексуално образование во основните училишта, ќе значи унапредување на родовата еднаквост, инклузивноста и толеранцијата, но и превенција од сексуалното вознемирување и насилството.
- Новата предлог Концепција за основно образование, има посебна глава за Обезбедување родова сензитивност/рамноправнос. Во неа меѓудругото е уредено дека „образованието поттикнува вклучување на родовата перспектива во обуката на наставниците, реализира настава низ содржини во кои нема експлицитни родови стереотипи, и користи пристап кој е родово сензитивен и повикува на критички однос кон родовата нееднаквост. Наставните содржини се избрани така што водат сметка и на девојчињата и на момчињата да им обезбедат позитивни модели за идентификација кои не се ограничени од традиционалните родови улоги.” Концепцијата исто така уредува: „Промовирање на родовата рамноправност преку образованието е стимулирање на учеството на учениците во наставните и вонаставните активности независно од полот, односно спротивно на стеретипните очекувања поврзани со полот/родот.”
- Согласно новиот Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник” бр.161/2019 од 5.8.2019), донесени се сите подзаконски акти
- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во основните училишта за 2020 година.

- На системот за управување со учење на БРО, поставени се три обуки: Обука за инклузивно образование (развиена со поддршка на Уницеф), Обука/курс за реализирање на настава со користење на различни ИКТ средства за учење (развиена од страна на БРО и надворешен провајдер) и Обука за критичко размислување и решавање на проблеми (развиена во рамки на проектот „Училишта на 21 век").
- Развиен е е-системот за кариерен развој, но поради пандемијата донесена е одлука Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите, да се применува од 1 јуни 2021 година, од кога ќе важи и одредбата за објавување на јавниот повик за напредување во звање
- Во основните училишта формирани се стручните активи, согласно Законот за основното образование
- Во основните училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта
- Во месец ноември формирана е работна група за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-обрзовниот кадар
- Донесен е Правилник за изменување на правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите (Службен весник бр.308/20 од 23.12.2020), со кој е утврдено рокот за објавување на Јавниот повик за добивање на звање наставник-ментор и наставник-советник да се објавува во месец јануари наместо јуни, на интернет страната на МОН.
- Врз основа на измената на Правилникот, Владата на 35-та седница одржана на 29.12.2020 донесе Одлука за давање согласност на Решението за определување на бројот на наставници во основните училишта кои можат да се стекнат со звања наставник-ментор, за фискалната 2021 година.
- Подготвен е Јавен повик до наставниците во основните училишта за доставување на барања за напредување во звање наставник-ментор, кој се објави на веб страната на МОН на 4 јануари 2021г.
- Донесен е Правилникот за професионални компетенции на директорот бр.12-11597/1 од 20.10.2020.
- Од страна на Државен испитен центар изготвен е протокол за спроведување на обука и испит за директори и истиот врз основа на позитивно мислење од Комисијата за заразни болести е усвоен од страна на Владата.

<u>Организирање на воспитно-образовниот процес од далечина, во услови на пандемијата КОВИД 19:</u>

- Имајќи ја предвид актуелната состојба со пандемијата КОВИД 19, Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница ги донесе и следните заклучоци, мерки и препораки:
    - Да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија од 11 март 2020
    - Да се прекине со посета на сите вонаставни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваат вон наставата (посета на воспитно-образовни активности, курсеви, дополнителни часови, спортски тренинзи и слично)

- На 13.3.2020 г. МОН на својата веб страна објави бесплатни дигитални платформи, апликации и содржини за учење дома
- На 16.3.2020 г. на МРТВ започнува емитувањето на едукативна програма наречена „ТВ училница“. На националниот телевизиски сервис се емитува едукативни содржини по предметите кои учениците ги изучуваат на училиште. Наставници ги предаваа лекциите кои во овој период требаше да бидат совладани согласно наставните планови и програми. Додека за децата од претшколска возраст се емитуваа едукативни емисии и приказни согласно нивната возраст.
- По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за основно образование за време на вонредна состојба („Службен весник” бр.76/20, бр.116/20 и бр.128/20). Со Уредбата е пропишано дека наставата во основните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Врз основа на Уредбата, донесено е Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечениско учење, односно учење од дома, бр.12-4217/1 од 30.3.2020 година.
- На 24.3.2020 од страна на министерот промовирана е национална платформа за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), изготвена од страна на МОН, БРО и МТСП (наставници и воспитувачи) со поддршка на Уницеф.
- Владата на 58-та седница одржана на 29.5.2020г. донесе Протокол за утврдување на процедурата за запишување на ученици во прво одделение во основните училишта („Службен весник” бр.140/20 од 29.5.2020).
- Во месец јуни МОН, БРО и Уницеф започнаа со спроведување на сеопфатно истражување во основните и средните училишта поврзано со здравствената криза и КОВИД-19 што, во голема мера, влијаеше на начинот на кој се реализира воспитно-образовниот процес во земјата. Целта на истражувањето е да ги сумира сите релевантни искуства и да го процени севкупното влијание на пандемијата COVID-19 врз образовниот процес во земјата.
- Министерството за образование и наука во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство подготви неколку законски и подзаконски акти за реализација на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, која започна на 1 октомври 2020 година, поточно:
    - План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година
    - Протоколи за постапување на основните односно средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година
    - Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителео/позитивен на ковид-19
    - Поединечни протоколи на посебните училишта за постапување и реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/21 година
    - Закон за изменување и дополнување на Законот за основно образование
    - Уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта
    - Одлука за утврдување на започнувањето и завршувањето на учебната година во услови на вонредни околности, согласно која учебната 2020/2021 година започнува на 1 октомври 2020 година, а завршува на 31 август 2021 година.
    - Одлуки за утврдување на максималниот број на ученици во паралелка во основните односно средните училишта во услови на вонредни околности, согласно која во училиштата во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во паралелка е 20 ученика;
    - Одлука за траење на наставниот час во услови на вонредни околности во основните училишта согласно која наставниот час во училиштата трае 30 минути во наставата со физичко присуство во или 30 минути со пет минути за приклучување на националната платформа за настава преку далечинско учење

- Имајќи предвид дека со Уредбата е одлучено учебната година да трае 160 дена, од страна на БРО во текот на месец септември изработени се скратени наставни програми за сите предмети во основно образование, и организирана е обука за сите наставници.
- Владата формираше Комисија која ги разгледува поднесените барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство на учениците во училиштата од четврто до деветто одделение во основното образование и од прва до четврта година во средното образование. Врз основа на предлог на Комисијата Владата донесе согласност во 596 објекти да се одвива настава со физичко присуство во основно образование.
- Во текот на месец септември 2020, започна да се развива национална платформа, која овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот. Националната платформа овозможува организација на содржините во форма на е-училници, одржува онлајн настава со помош на Microsoft Teams, овозможува изведување на онлајн тестови и сл..Во втората половина од месец септември, од страна на МОН и БРО спроведени се обуки за сите наставници за начинот на користење на националната платформа (преку каскаден модел: национални обучувачи – училишни обучувачи - сите наставници)
- Повторно започна емитувањето на едукативната програма „ТВ училница“ на МРТВ, додека платформата за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), продолжи да се дополнува во наставни и интерактивни содржини од страна на наставниците.
- За учениците коишто немаат уреди за онлајн учење, а сепак треба да учат на далечина, покрај едукативната програма на МРТВ, училиштата односно наставниците имаат обврска да им печатат материјали и редовно да им ги доставуваат, но и да бидат во постојана комуникација со нив и нивните семејства, за да го следат совладувањето на наставниот материјал.
- Паралелно со овие процеси, се работеше на обезбедување на стабилна и брза интернет конекција за училиштата и на обезбедување на хардвер опрема за социјално ранливите категории со помош на приватниот сектор.
- МОН, МЗ и МТСП во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија воспоставија линија за помош на родители, деца и млади, имајќи предвид дека во време на пандемија, психосоцијалната поддршка е најважна за зачувување на менталното здравје на децата, учениците и родителите.
- Министерството на дневна основа ги следи состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко просуство и во целата држава тој е помал од 1 процент. Заклучно со 4.12.2020 активни заболени ученици со физичко присуство се 76, што е 0,06 проценти од вкупниот број ученици, и 167 наставници, што е помалку од 1 процент од вкупниот број наставници во нашата држава. Ова се факти кои зборуваат дека интерно ширење на вирусот во училиштата нема, дека образовниот систем е стабилен и училиштата ги почитуваат мерките и здравствените протоколи

## ПРОГРАМА 2: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Формирана е Работна група од сите релевантни чинители, која работи на изготвување на нова Концепција за средно образование, врз основа на која ќе биде изготвен и нов Закон за средно образование.
- Завршена е реконструкцијата на седум средни училишта.
- Изградена е училишна спортска сала во СОУ Наце Буѓони – Куманово.
- За зголемување на инклузивноста во образованието, МОН работи на две програми со Европската делегација. Со првата, 12 образовни објекти, по 4 од основно, средно и високо образование, ќе бидат реконструирани и ќе добијат пристапни рампи и пристапност до просториите, со средства од ЕУ.
- На 13.11.2020 на интернет страницата на МОН објавен е Јавен повик за доставување на апликации (барања) за финансирање на проекти за реконструкција на училишни објекти на основни и средни училишта во надлежност на Општините и на Градот Скопје со средства од Буџетот на МОН. Како еден од критериумите за избор на училиште е пристапноста за учениците со попреченост.
- На 3.11.2020 на веб страната на МОН објавен е Јавниот повик за доделување парични средства за организирање на активности кои придонесуваат за развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничката интеграција и толеранцијата, за учебната 2020/2021 година
- Согласно новиот Закон за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник" бр.161/2019 од 5.8.2019), донесени се сите подзаконските акти
- Развиен е е-системот за кариерен развој, но поради пандемијата донесена е одлука Правилникот за начинот на формирање на комисиите и нивниот број, проценувањето на пристигнатите апликации и документација на наставниците за стекнување на звањето наставник-ментор и наставник-советник, бодирањето на кандидатите, ранг листата, како и начинот на работењето на комисиите, да се применува од 1 јуни 2021 година, од кога ќе важи и одредбата за објавување на јавниот повик за напредување во звање
- Во средните училишта формирани се тимови за професионален развој, согласно Законот за наставници и соработници во основните и средните училишта
- Во месец ноември формирана е работна група за подготовка на Каталог на акредитирани програми за обука на воспитно-обрзовниот кадар
- Од страна на ДИЦ изготвени се тестовите и прашалниците а на 29.10.2020 со онлајн обуки на наставниците и директорите од средните училишта на ниво на држава, ДИЦ и МОН ги започнаа подготовките за престојното пробно тестирање за ПИСА 2021
- ДИЦ и МОН од оваа учебна година, покрај стариот модел на реализација на проектната задача воведоа и нови можности за реализација на истата, базирани на интересите на учениците и на глобалните трендови во образованието, културата и социјалниот живот на младите. Покрај оваа измена, испитите од листата за полагање на екстерни предмети, е проширена со уште два нови предмета.
- На предлог на Бирото за развој на образованието, донесена е Годишната програма за професионално усовршување на наставниците и стручните соработници во средните училишта за 2020 година
- На 10 април 2020, објавени се Јавниот повик за доделување на парична награда за освоено прво, второ или трето место на Меѓународен натпревар од областа на математиката и природните науки, на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за натпреварот и Јавниот повик за доделување на парична награда за освоен златен, сребрен или бронзен медал на една од 13 меѓународни научни олимпијади (International Science Olympiad), на ученикот и на наставникот кој го подготвувал ученикот за олимпијадата.

- На 11 јуни 2020, на веб страната на МОН објавен е Конкурсот за акредитација на здруженија на наставници за организирање на натпревари на учениците по одделени предмети во средно образование (државни натпревари)
- Педагошка служба достави барање до авторите и Издавачките куќи да предложат исправки или дополнувања од стручен, методолошки, технички како и од аспект на превод и адаптирање, а истите да не претставуваат повеќе од 30% од содржината на учебникот и спроведе постапка на ревизија на одредени учебници од аспект на родова еднаквост (околу 40 учебници). Првичниот избор за учебници што требаше да се ревидираат од аспект на родова сензитивност, беа учебниците во сопственост на Министерството за образование и наука, кои за прв пат ќе се печатат и оние кои ќе се печатат по петгодишна употреба. Од страна на БРО направена е анализа на содржината од апсект на родова еднаквост и недискриминација на 15 учебници од кои 7 во основното образование и 8 во средното образование.
- Формирана е Работна група и изготвена е предлог Концепција за наставни средства и дидактички материјали
- Континуирано се реализираат активности што произлегуваат од ЕУ Програмата Еразмус+, а МОН до Европска Комисија достави писмо за интерес за вклучување на земјата во новиот циклус на Еразмус програмата и Програмата Европски корпус на солидарност 2021-2027 година.
- Континуирано се спроведуваат активности во рамки на Проектот „Образование за вработување во Северна Македонија“
- Центарот за стручно образование и обука изготви „Водич низ квалификациите во стручното образование“. Истиот е објваен на интернет страниците на МОН, ЦСОО и БРО.
- Продолжи со имплементација дуалното стручно образование во учебната 2019/2020, за образовниот профил „Техничар за индустриска мехатроника од електротехничка струка" во четири стручни училишта, за образовен профил „Техничар за производно машинство" во три стручни училишта и за образовниот профил „Електричар – електромонтер на електроенергетски мрежи" во две стручни училишта.
- Во месец декември се одржа финалниот натпревар за најдобра ученичка компанија во организација на Џуниор Ачивмент Македонија, во рамки на соработката со МОН и ЦСОО.
- Од страна на ЦСОО изготвени се стандардите за простор и опрема за осумте квалификации кои ќе се обучуваат во трите регионални центри.
- Донесен е Концепт за учење преку работа бр.08-4305/2 од 13.4.2020 г.
- Работна група во која се вклучени и претставници од бизнис секторот, работи на изготвување на нов Закон за стручно образование и обука.
- Во месец ноември од страна на Владата донесени се одлуки општинските училишта „Ванчо Питошески“ Охрид, Моша Пијаде Тетово и Киро Бурназ Куманово да продолжат со работа како Регионални центри за стручно образование и обука односно како државни средни училишта од 1.1.2021 година.
- За прв пат од оваа учебна година, во Одлуката за ученички стипендии додадена е категорија на стипендии за ученици од средно стручно образование – дефицитарни струки.
- Донесена е Одлука доделување на ученички стипендии (талентирани ученици, талентирани ученици спортисти, ученици од социјално ранливи категории, ученици деца без родители и родителска грижа, ученици со посебни потреби, ученици од дефицитарни струки и ученици Роми запишани во прва, втора, трета и четврта година) за учебната 2020/2021 година, спроведен е конкурсот и доделени се стипендиите

- Врз основа на пријавените апликации, зголемен е бројот на стипендии за ученици со посебни потреби, за ученици од социјално-ранливите категории, за ученици кои реализираат наставни програми од електро-техничка струка, односно сектор електро-техника и за ученици Роми
- За прв пат од оваа учебна година, отворена е можноста за целосно електронско аплицирање за стипендија (без потреба од доставување на документи во хартиена форма).
- Формирана е работна група МОН – млади, која ќе биде вклучена во креирањето на сите важни политики и процеси поврзани со младите и унапредувањето на младинскиот стандард, како и реформите во образованието. На 3.11.2020 се одржа on-line состанок на Работната група, на која беше донесен Деловник за работа и беше избран претседавач.
- Донесена е Уредба со законска сила за доделување на финансиски поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба. Одобрени се 98 апликации.

<u>Организирање на воспитно-образовниот процес од далечина, во услови на пандемијата КОВИД 19:</u>

- Имајќи ја предвид актуелната состојба со пандемијата КОВИД 19, Владата на Република Северна Македонија на 15-та седница ги донесе и следните заклучоци, мерки и препораки:
    - Да се прекине со воспитно – образовниот процес и наставата во сите детски градинки, центри за ран детски развој, дневни центри, основни и средни училишта на територијата на Република Северна Македонија од 11 март 2020
    - Да се прекине со посета на сите вонаставни активности и други приватни активности кои децата ги извршуваат вон наставата (посета на воспитно-образовни активности, курсеви, дополнителни часови, спортски тренинзи и слично)
- По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за средно образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.76/20, бр.116/20 и бр.128/20). Со Уредбата е пропишано дека наставата во средните училишта се организира преку далечинско учење односно учење од дома, со примена на средства за електронска комуникација. Врз основа на Уредбата, донесено е Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечениско учење, односно учење од дома, бр.12-4217/1 од 30.3.2020 година. Учениците од завршните години на образованието во учебната 2019/2020 година се ослободуваат од полагањето на државна матура, училишна матура, завршен испит. На учениците училиштето им издава диплома за завршено средно образование.
- По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата на седницата, одржана на 30 март 2020 година, донесе Уредба со законска сила за примена на Законот за ученички стандард за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.84/20 од 30.3.2020). Со Уредбата е пропишано дека во ученичките домови може да се остваруваат активности на сместување на лица на кои им е определена мерка строга изолација (карантин) за време на траење на вонредна состојва.
- Донесена е Уредба со законска сила за доделување на финансиски поддршка на ученици запишани во јавните средни училишта за купување на училишен прибор, а кои се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба

- На 24.3.2020 од страна на министерот промовирана е национална платформа за поддршка на далечинско учење (www.eduino.gov.mk), изготвена од страна на МОН, БРО и МТСП (наставници и воспитувачи) со поддршка на Уницеф.
- Од страна на ЦСОО узготвено е Упатство (насоки и совети) за реализација на далечинско учење во средно стручно образование.
- Владата на 58-та седница одржана на 29.5.2020г. донесе Протокол за постапување на средните училишта во Република Северна Македонија за време на запишувањето на ученици во прва година во учебната 2020/2021 година („Службен весник” бр.140/20 од 29.5.2020) и Протокол за постапување на Математичко-информатичката гимназија за време на полагање на приемниот испит на учениците во учебната 2020/2021 година („Службен весник” бр.140/20 од 29.5.2020).
- Владата, на предлог на МОН на 60-та седница одржана на 2 јуни 2020 година, донесе Протокол со кој се утврдува начинот на проверка на способностите за спортски вештини на учениците, во услови на Ковид 19, согласно препораките на Комисијата за заразни болести.
- Во месец јуни МОН, БРО и Уницеф започнаа со спроведување на сеопфатно истражување во основните и средните училишта поврзано со здравствената криза и КОВИД-19 што, во голема мера, влијаеше на начинот на кој се реализира воспитно-образовниот процес во земјата. Целта на истражувањето е да ги сумира сите релевантни искуства и да го процени севкупното влијание на пандемијата COVID-19 врз образовниот процес во земјата.
- Од страна на Работна група формирана во рамки на БРО во која се вклучени и претставници од МОН изготвен е предлог план и протоколи за одржување на наставата во учебната 2020/2021 година
- Министерството за образование и наука во соработка со Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство подготви неколку законски и подзаконски акти за реализација на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година, која започна на 1 октомври 2020 година, поточно:
    - План за одржување на наставата во основните и средните училишта во учебната 2020/2021 година
    - Протоколи за постапување на основните односно средните училишта во Република Северна Македонија за реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година
    - Алгоритам за постапување во училиштата во случај на појава на ученик со симптоми, сомнителен/позитивен на ковид-19
    - Протокол за постапување на средните училишта во кои се реализира стручно образование и обука во Република Северна Македонија за спроведување на практичната настава со физичко присуство на учениците во учебната 2020/2021 година;
    - Општ Протокол за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач;
    - Протоколи за превентивни мерки при реализација на учење преку работа, феријалната практика, практична обука и вежби на учениците кај работодавач во секторот машинство, секторот земјоделие, рибарство и ветерина, секторот хемија и технологија и секторот лични услуги
    - Поединечни протоколи на посебните училишта за постапување и реализација на воспитно-образовниот процес со физичко присуство на учениците во учебната 2020/21 година
    - Закон за изменување и дополнување на Законот за средно образование
    - Уредба за начинот на организирање и реализирање на наставата во услови на вонредни околности во основните и средните училишта
    - Одлука за утврдување на започнувањето и завршувањето на учебната година во услови на вонредни околности, согласно која учебната 2020/2021 година започнува на 1 октомври 2020 година, а завршува на 31 август 2021 година.
    - Одлуки за утврдување на максималниот број на ученици во паралелка во основните односно средните училишта во услови на вонредни околности, согласно која во училиштата во кои наставата се реализира со физичко присуство на учениците, максималниот број на ученици во паралелка е 20 ученика;

- Одлука за траење на наставниот час во услови на вонредни околности во средните училишта согласно која наставниот час во училиштата трае 35 минути во наставата со физичко присуство односно 35 минути со пет минути за приклучување на националната платформа за настава преку далечинско учење

- Имајќи предвид дека со Уредбата е одлучено учебната година да трае 160 дена, од страна на БРО во текот на месец септември изработени се скратени наставни програми за сите предмети во средно образование, и организирана е обука за сите наставници.
- Владата формираше Комисија која ги разгледува поднесените барања од страна на основачот на училиштето за организирање на настава со физичко присуство на учениците во училиштата од четврто до деветто одделение во основното образование и од прва до четврта година во средното образование. Врз основа на предлог на Комисијата Владата донесе согласност во 16 објекти во средно образование да се одвива настава со физичко присуство во основно образование.
- Во текот на месец септември 2020, започна да се развива национална платформа, која овозможува двонасочна интеракција и комуникација на наставникот и ученикот. Националната платформа овозможува организација на содржините во форма на е-училници, одржува онлајн настава со помош на Microsoft Teams, овозможува изведување на онлајн тестови и сл..Во втората половина од месец септември, од страна на МОН и БРО спроведени се обуки за сите наставници за начинот на користење на националната платформа (преку каскаден модел: национални обучувачи – училишни обучувачи - сите наставници)
- За учениците коишто немаат уреди за онлајн учење, а сепак треба да учат на далечина, покрај едукативната програма на МРТВ, училиштат односно наставниците имаат обврска да им печатат материјали и редовно да им ги доставуваат, но и да бидат во постојана комуникација со нив и нивните семејства, за да го следат совладувањето на наставниот материјал.
- Паралелно со овие процеси, се работеше на обезбедување на стабилна и брза интернет конекција за училиштата и на обезбедување на хардвер опрема за социјално ранливите категории со помош на приватниот сектор.
- МОН, МЗ и МТСП во соработка со Универзитетската клиника за психијатрија воспоставија линија за помош на родители, деца и млади, имајќи предвид дека во време на пандемија, психосоцијалната поддршка е најважна за зачувување на менталното здравје на децата, учениците и родителите.
- Министерството на дневна основа ги следи состојбите со бројот на заразени ученици и наставници во наставата со физичко просуство и во целата држава тој е помал од 1 процент. Заклучно со 4.12.2020 активни заболени ученици со физичко присуство се 76, што е 0,06 проценти од вкупниот број ученици, и 167 наставници, што е помалку од 1 процент од вкупниот број наставници во нашата држава. Ова се факти кои зборуваат дека интерно ширење на вирусот во училиштата нема, дека образовниот систем е стабилен и училиштата ги почитуваат мерките и здравствените протоколи
- Закон за изменување и дополнување на Законот за ученички стандард со кој се уредува дека во услови на вонредни околности на учениците кои конкурирале на конкурсите за сместување во општински односно државни домови и следат настава со физичко или комбинирано присуство, и им се одобрени барањата за сместување во дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е средното училиште.
- Протоколи за работа на јавните ученички домови во услови на вирусот Ковид 19.

## ПРОГРАМА 3: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Основани се Одборот за акредитација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.50/20 од 24.2.2020) и Одборот за евалуација (Решение за именување на членови од страна на Владата објавено во Службен весник бр.53/20 од 28.2.2020) на Агенцијата за квалитет. На 12.3.2020 одржана е конститутивна седница, свикана од страна на министерот за образование и наука на Одборот за акредитација и Одборот за евалуација, на кои се избрани претседатели на одборите
- Донесен е Правилник за образецот на извештајот за работата на Одборот за евалуација на високото образование и Правилник за образецот на извештајот за работата на Одборот за акредитација на високото образование, објавени во Службен весник бр. 286/20 од 1.12.2020.
- Претставниците од МОН редовно учествуваа на состаноците на Работната група за признавање на академски квалификации организирана од страна RCC.
- Во тек е реализација на активности за Изградба на студентски дом во комплексот на Универзитет Тетово во Тетово
- Во месец февруари, официјално се пуштени во употреба целосно реновираните Блок В и Блок Г, кујна и менза од СД Гоце Делчев, со што овој студентски дом е целосно реновиран.
- Започнаа подготвителните активности за реализација на Проектот за реновирање на студентските домови (енергетски ефикасни) кој се финансира со заем од KfW.
- Донесена е Одлука за доделување на стипендии на странски државјани кои се од интерес за Републиката (стипендии за студенти со македонско потекло од Балканскиот полуостров) за академската 2020/2021 година и спроведен е конкурсот.
- Спроведен е Конкурсот за сместување на студенти во студентските домови за академската 2020/2021 година.
- Донесена е Одлука и спроведен е Конкурсот за доделување на студентските стипендии за академската 2020/2021 година.
- За прв пат од оваа учебна година, отворена е можноста за целосно електронско аплицирање за стипендија (без потреба од доставување на документи во хартиена форма).
- Изготвени се сите подзаконски акти согласно Законот за субвенциониран студентски оброк, кој треба да започне да се применува од 15 септември 2021 година.

<u>Организирање на наставно-научниот процес од далечина, во услови на пандемијата КОВИД 19:</u>

По прогласувањето на вонредна состојба во државата, Владата на седницата, одржана на 23 март 2020 година, донесе:

- Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.76/20 и 116/20). Со Уредбата е пропишано дека студиските програми за стекнување на високо образование на трите циклуси и проверката на знаењето се изведуваат преку системот за далечинско учење со примена на средства за електронска комуникација.
- Уредба со законска сила за дополнување на Уредба со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.134/20), со која уредува дека на високообразовните установи каде постои можност за целосна примена на

протоколот за полагање испити на високообразовните установи, а во согласност со мерките за заштита од коронавирусот COVID 19 од Комисијата за заразни болести при Министерството за здравство, може да се реализираат студиските програми, како и проверката на знаењето, со физичко присуство на студентот.

- Владата на 58-та седница одржана на 29.5.2020г. донесе Протокол за утврдување и постапување на јавните и приватните високообразовни установи, односно единиците во состав при изведување на испитите („Службен весник" бр.140/20 од 29.5.2020)
- Владата на 61-та седница одржана на 5.6.2020г. донесе Уредба со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.149/20 од 5.6.2020). со која е пропишано дека;
  - Максималниот износ на партиципација во трошоците за студирање, за студентите запишани на прв циклус на студии на јавен универзитет во академската 2020/2021 година, чие образование се финансира од Буџетот на Република Северна Македонија, го утврдува јавниот универзитет, по претходна согласност на Владата
  - Во академската 2020/2021 година може да се врши упис на нови студенти на студии од трет циклус на студиските програми кои се акредитирани за академската 2020/2021 година, студиските програми на кои им е продолжен рокот за важењето на акредитацијата, и студиските програми за кои е започната постапка за реакредитација пред влегување во сила на оваа уредба со законска сила. Студиските програми за кои е започната постапка за реакредитација пред стапување во сила на оваа уредба со законска сила ќе можат да вршат упис на студенти на трет циклус на студии по добивањето на решение за почеток со работа.
- Уредба со законска сила за примена на Законот за студентски стандард за време на вонредна состојба („Службен весник" бр.84/20 од 30.3.2020). Со Уредбата е пропишано дека за време на траењето на вонредната состојба студентите кои се сместени во државен или приватен студентски дом, се ослободени од партиципирање во цената за сместување и исхрана како и дека во студентските домови може да се остваруваат активности на сместување на лица на кои им е определена мерка строга изолација (карантин) за време на траење на вонредна состојба.
- Програма за дополнување на Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2020 година („Службен весник" бр.84/20 од 30.3.2020) во која е уредено дека за време на траењето на вонредната состојба, месечната цена за сместување и исхрана која ја исплаќа МОН за студент, изнесува 3.410 мкд, според бројот на студенти сместени во студентски дом заклучно со месец март 2020 година, а ќе се исплаќа за 12 месеци во годината.
- Уредба со законска сила за плаќање на дел од партиципацијата во трошоците за студирање за студенти, партиципација за сместување во студентски дом и партиципација на трошоците за приватно сместување на студенти чие образование се финансира од буџетот на Република Северна Македонија, а се од семејни домаќинства со низок доход, за време на вонредна состојба. (одобрени апликации за партиципација во трошоци за студирање на 965 студенти и апликации за партиципација за сместување на 14 студенти).
- Закон за изменување и дополнување на Законот за студентски стандард со кој се уредува дека во услови на вонредни околности на студентите кои конкурирале на конкурсите за сместување во домови и следат настава со физичко или комбинирано присуство, и им се одобрени барањата за сместување во дом, но заради намалениот број на сместувачки легла не може да се сместат, им се исплаќа месечна сума на средства за покривање на трошоците за приватно сместување, или месечна сума на средства за покривање на трошоците за превоз од местото на живеење до местото во кое е високообразовната установа.

- Протоколи за работа на студентските домови во услови на вирусот Ковид 19.

## ПРОГРАМА 4: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Продолжија активностите за изготвување на Стратегија за паметна специјализација .
- Продолжија активностите на Работната група за изготвување на предлог - Национален патоказ за истражувачка инфраструктура (National Research Infrastructure Roadmap)
- Формирана е Работна група која работи на изготвување на нов Закон за научно-истражувачка дејност
- Објавен е Конкурс за доделување стипендии за академски студии од втор и трет циклус во странство за академската 2020/2021 година
- Објавен е Јавен повик за надомест на средства платени за објавување на научни трудови
- Објавен е Конкурс за доделување еднократни финансиски средства за објавен научно-истражувачки труд за 2019 година.
- Спроведен е Конкурс за доделување стипендии "Борис Трајковски" за студии од втор циклус на Извршната МБА програма на Универзитетот Шефилд за академската 2020/2021
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за финансирање на материјални трошоци и услуги, за печатење на зборници на трудови од одржаните научни собири за 2020 година
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства за учество на домашни научни истражувачи на меѓународни научни собири за 2020 година
- Спроведен е Конкурс за доделување на средства на домашни научни истражувачи за студиски престои во странство за 2020 година
- И во 2020 г. МОН финасиски го поддржа Гласникот на хемичарите и технолозите на Македонија (Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering - MJCCE), единственото списание со импакт фактор од нашата земја.
- Од годинава за првпат Фондот за иновации и технолошки развој во соработка со Министерството за образование и наука преку грантовското финансирање додели 34 иновациски ваучери со вкупна вредност од 15 милиони денари коишто треба да го поттикнат развојот на науката во нашата држава. Преку овие иновациски ваучери, од една страна се вложува во иновацијата, се отвора можности за младите директно да учествуваат на проекти кои можат да ја обликуваат нивната кариера, а од друга страна им се овозможува на компаниите да ја зголемат својата конкурентност
- Започнаа активности за дефинирање на предлог - критериуми за воспоставување на Центри за извонредност, како и предлог - критериуми за финансирање на националните истражувачки проекти во 2021 година, со цел да се поттикнат научно-истражувачката работа и вложувањата во науката.
- Објавен е повикот за доделување на наградата „Гоце Делчев" во 2021 година, која се доделува за научна книга или дело објавено во 2020 година, во областа на науката
- Во месец февруари 2020, во ЦЕРН, потпишан е Меморандум за соработка помеѓу Владата на Република Северна Македонија и ЦЕРН. Во име на Владата, Меморандумот е потпишан од страна на министерот за образование и наука

- Продолжија активностите на Меѓународен институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа. На 30-та седница на Владата, одржана на 15.12.2020 разгледана и усвоена е Информација за оправданоста и придобивките од реализација на иницијативата за изградба на Меѓународниот институт за одржливи технологии на Југоисточна Европа (SEEIIST) на територијата на Република Северна Македонија.
- МОН (преку МНР) и Министерството за наука и технологија на НР Кина(преку Амбасадата на НР Кина во земјата) го усогласија текстот на Меморандумот за разбирање за заедничко финансирање на проекти за истражување и развој.
- Редовно се одржуваа инфо денови за промоција на Х2020. „Мари Кири програмата за мобилност", програмата КОСТ и отворените повици. МОН покрена иницијатива до Владата за вклучување во новата програмата Хоризонт Европа.
- Министерството за образование и наука активно учествуваше во активностите на European Social Survey (ESS ERIC)
- Претставниците од МОН, членови на Работната група за отворена наука во рамки на RSS, редовно учествуваа на состаноците на РГ.
- По однос на повикот на RCC за поддршка на високо-образовни и научни установи од шесте земји на ЗБ за кои ќе се обезбеди поддршка од консултанти за изготвување и донесување на Политики за отворена наука, одобрени се барања на три високо-образовни институции од земјата, кои станаа и членки на Асоцијацијата за отворена наука на Западен Балкан.
- Од страна на претседателите на Владите, усвоен е Проколот за соработка помеѓу шесте земји од Западен Балкан за отворена наука.
- МОН достави до ЕК – Директорат за истражување и иновации, номинација на член и заменик член на Управниот комитет на EOSC (Европски облак за отворена наука)
- МОН официјално се приклучи на иницијативата на УНЕСКО за градење на платформа за отворена наука – Ковид 19, со што Република Северна Македонија зема активно учество во размена на искуства и научни истражувања помеѓу сите земји членки на УНЕСКО поврзано со Ковид 19
- Извршени се последни консултации помеѓу Република Северна Македонија (МОН) и Република Франција (Француски институт) по однос на Договорот за соработка за финансирање на билатерални научно-истражувачки проекти.

## ПРОГРАМА 5: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во рамки на оваа Програма, реализирани се следниве активности:

- Изготвен е нов Закон за образование на возрасни, со кој се уредува за прв пат постапката за валидација на неформално и информално учење, и истиот е доставен во владина процедура на усвојување. Со предложените измени во новиот закон се унапредува процесот на верификација на посебните програми за образование на возрасните, како и на улогата, целите и задачите на Центарот за образование на возрасните.
- Верификувани се нови посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на знаења, вештини и компетенции;
- Во соработка со проектот Е4Е започнаа активностите за пилотирање на системот на ВНИУ на две квалификации, фасадер и келнер;
- Во соработка со ДПИ во тек е изготвување на инструмент Индикатори за мерење на квалитет на неформално образование
- Извршен е стручен надзор над 10 установи/институции за образование на возрасни
- Континуирано се ажурира каталогот на верифицирани посебни програми за образование на возрасните

- Верификувани се 22 посебни програми за образование на возрасните кои водат кон стекнување на квалификација или дел од квалификација
- Континуирано се спроведува стручен надзор на понудувачи на услуги

# 2. ПРОГРАМИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

## 2.1 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**Потпрограми:**

2.1.1 Зголемување на постигањата на учениците во основното образование
2.1.2 Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование
2.1.3 Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта
2.1.4 Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта

## 2.2 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ (ОПШТО И СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ) И УЧЕНИЧКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.2.1 Зголемување на постигањата на учениците во средното образование
2.2.2 Реформа на средното стручно образование
2.2.3 Ученички стандард

## 2.3 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ СТАНДАРД

**Потпрограми:**

2.3.1. Унапредување на системот на акредитација и евалуација на високото образование
2.3.2. Развивање на ефикасен систем на финансирање и управување на високото образование
2.3.3. Студентски стандард

## 2.4. ПРОГРАМА: ВЛОЖУВАЊЕ ВО НАУКАТА, ИСТРАЖУВАЊЕТО И ИНОВАЦИИТЕ

**Потпрограми:**

2.4.1 Ревизија на правната рамка за истражување и развој
2.4.2 Зголемување на националните средства за научно-истражувачка дејност
2.4.3 Зголемено учество на Република Северна Македонија во регионални иницијативи и меѓународни програми за наука и истражување

## 2.5. ПРОГРАМА: ОБРАЗОВАНИЕ НА ВОЗРАСНИ И ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

**Потпрограми:**

2.5.1 Развој на неформалното образование на возрасните
2.5.2 Формално образование на возрасни

## ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМИ

## 2.1 ПРОГРАМА: КВАЛИТЕТНО И ИНКЛУЗИВНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

### А: Оправданост и дизајн на Програмата 2.1:

| |
|---|
| **Образложение:** Програмата „Квалитетно и инклузивно основно образование" произлегува од Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија „Квалитетно образование достапно за сите согласно побарувачката на пазарот на трудот" содржан во Одлуката за стратешки приоритети за 2021 година, односно приоритетните цели„ Развивање квалитетно образование достапно за сите кое ќе создава кадар способен за логично и критично размислување базирано на анализи и факти" и „Образование во функција на личности кои ќе ги почитуваат и негуваат граѓанските права, толеранцијата, различностите, воспитување во духот на мултикултурализмот и оспособување за потребите на пазарот на трудот". |
| **НПАА**<br>3.26 Образование, култура, млади<br>3.26.1 Образование |
| **Стратешките приоритети и цели на Министерството за образование и наука:** |

**<u>Создавање образование кое е во најдобар интерес на децата и кое му овозможува на секој ученик да го достигне својот полн потенцијал</u>**

- Подобрување на содржината на основното образование;
- Зголемување на опфатот на учениците и подобрување на инклузивноста и меѓуетничката интеграција во основното образование
- Подобрување на условите за учење и постигнувањата на учениците
- Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основните училишта (иницијални и континуирани обуки)
- Зголемување на ефективноста на организирањето и управувањето со основното образование
- Вложување и развој на дигитални вештини и критичко размислување
- Воспоставување на системот на кариерен развој на наставниците и стручните соработници, врз принцип на заслуги
- Унапредување на превенцијата и заштитата од насилство и дискриминација во образованиот систем

**Цел на Програмата:**

- Обезбедување на квалитетно и инклузивно основно образование и зголемување на опфатот на ученици

**Показатели за успех на Програмата:**

- Донесена нова Конепција за основно образование
- Донесени национални стандарди за учениците во основното образование
- Учениците во основното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности
- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни и лични асистенти...)
- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование
- Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди
- Имплементиран е моделот за кариерен развој
- Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење.
- Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување

**Програмата е:** ☒ **хоризонтална** ☐ вертикална

**Потпрограми (компоненти) на Програмата:** Квалитетно и инклузивно основно образование

| | |
|---|---|
| **Потпрограма 2.1.1:**<br>Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | **Показател за успешност:**<br>- Донесена нова Концепција за основно образование<br>- Донесени национални стандарди за учениците во основното образование<br>- Учениците во основното образование имаат квалитетни наставни средства и дидактички материјали како избор на применливи знаења коишто промовираат човекови права, почитување на различностите и демократските вредности |
| **Потпрограма 2.1.2:**<br>Недискриминација, заштита од насиство, почитување на различностите и инклузивно образование | **Показател за успешност:**<br>- Обезбедени се услови за квалитетно образование за сите (фукционални инклузивни тимови, набавена асистивна технлогија, обезбедени образовни и лични асистенти..)<br>- Училишните обврзници што се надвор од училиштата се идентификувани, вклучени и следени до завршување на задолжителното образование<br>- Целосно се имплементира Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување |
| **Потпрограма 2.1.3:**<br>Поддршка на наставниците и стручните соработници во основните училишта | **Показател за успешност:**<br>- Наставниците и стручните соработници приправници ја добиваат поддршката којашто е неопходна за нивната секојдневна работа и се стекнале со компетенциите предвидени со професионалните стандарди<br>- Имплементиран е моделот за кариерен развој |
| **Потпрограма 2.1.4:**<br>Воспоставена организациона структура за подобро управување и раководење со основните училишта | **Показател за успешност:**<br>- Директорите на основните училишта ги исполнуваат минималните барања за професионални компетенции, со што се осигурува подобра средина за учење и култура, управување и раководење. |

## Б: План за спроведување на Програмата: Квалитетно и инклузивно основно образование

| Потпрограма 2.1.1: Зголемување на постигањата на учениците во основното образование | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
| | | | Почеток | Крај | човечки | финансиски |

| | | | (месец/година) | (месец/год ина) | | | | МКД | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 2021 | 2022 | 2023 | 2021 | 2022 | 2023 |
| 2.1.1.1. Донесување на нова Концепција за основно образование | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Работна група за изготвување на концепцијата | Наставници, директори и стручни соработници од училиштата, родители/старатели, ученици, СОНК, универзитетски професори од областа, стручната јавност, општини | Активноста е отпочната | 3/2021 | Вработени во МОН, БРО | | | Нема фискални импликации | | |
| 2.1.1.2. Донесување на националните стандарди за учениците во основното образование, базирани на компетенции кои учениците треба да ги стекнат и усвојат на крајот на основното образование. | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | ДПИ, ДИЦ синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, ученици, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, општини, НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори… | Активноста е отпочната | 3/2021 | Вработени во МОН, БРО | / | / | Нема фискални импликации | / | / |
| 2.1.1.3 Усогласување на наставните планови и програми со Концепцијата за основно образование и Националните стандарди за учениците во основно образование и обука за наставниците за новите наставни програми | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | ДПИ, ДИЦ синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, општини, НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со | 1/2021 | 12/2023 | Вработени во БРО, комисии | Вработени во БРО, комисии | Вработени во БРО, комисии | Буџет на БРО | Буџет на БРО | Буџет на БРО |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | попреченост, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори... | | | | | | | | |
| 2.1.1.4. Развивање систем за образование од далечина (надополнување на порталот едуино, развој на национална платформа за образование на далечина,...) согласно Концептот | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | ДПИ, ДИЦ, синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, општини | активноста е отпочната | 12/2023 | Вработени во МОН и БРО, училишта | Вработени во МОН и БРО, училишта | Вработени во МОН и БРО, училишта | Буџет на МОН и БРО, донации | Буџет на МОН и БРО, донации | Буџет на МОН и БРО, донации |
| 2.1.1.5. Намалување на бројот на ученици по паралелка од 20 до 30 ученици, и намалување на бројот на ученици во комбинирана паралелка (сукцесивно) | Министерство за образование и наука, основни училишта, единици на локална самоуправа | Државен просветен инспекторат, Биро за развој на образованието | 9/2021 (за трето одделение)<br><br>9/2022 (за четврто одделение)<br><br>9/2023 (за петто одделение) | 9/2023 | Вработување на нови наставници | Вработување на нови наставници | Вработување на нови наставници | 21.120.000 | 4.224.000 | 4.224.000 |
| 2.1.1.6 Професионална ориентација на учениците од осмо и деветто одделение, врз основа на Програмата утврдена од министерот, на предлог на БРО | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието | Комора на психолози, стручна јавност, универзитетски професори... | 1/2021 | 12/2023 | Наставници и стручни соработници од основните училишта | Наставници и стручни соработници од основните училишта | Наставници и стручни соработници од основните училишта | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 и Програма А, Потпрограма А2 |
| 2.1.1.7 Вклучување на наставници по физичко и здравствено образование за изведување на наставата по физичко и | Министерство за образование и наука, единиците на локалната самоуправа, | Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Факултети за | 9/2021 (за трето одделение)<br><br>9/2022 (за | 9/2023 | Вработување на нови наставници | Вработување на нови наставници | Вработување на нови наставници | 94.617.600 | 94.617.600 | 94.617.600 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| здравствено образование од прво до петто одделение (сукцесивно) | училишта | образование на наставници по физичко и здравствено образование | четврто одделение)<br><br>9/2023 (за петто одделение) | | | | | | | |
| 2.1.1.8 Инвестирање во инфраструктура во основните училишта (реконструкција на основни училишта, изградба на нови основни училишта, изградба/реконструкција на училишни спортски сали) | Министерство за образование и наука, единиците на локалната самоуправа, училишта | Влада на Република Северна Македонија, Министерство за финансии | 1/2021 | 12/2023 | Вработени во МОН и ЕЛС | Вработен и во МОН и ЕЛС | Вработени во МОН и ЕЛС | Буџетска програма Т, Потпрогра ми ТА , ТБ и ТВ | Буџетска програма Т, Потпрогр ами ТА , ТБ и ТВ | Буџетска програма Т, Потпрогр ами ТА , ТБ и ТВ |
| 2.1.1.9 Имплементација на Концепција за државно тестирање (спроведување на пилот и главно тестирање) | Министерство за образование и наука - Државен испитен центар | БРО, ДПИ, наставен и ненаставен кадар во училиштата, ученици | 1/2021 | 12/2023 | Вработени во ДИЦ | / | / | Буџет на ДИЦ | / | / |
| 2.1.1.10. Учество во меѓународни тестирања (TIMSS, PIRLS) | Државен испитен центар | МОН, БРО | 1/2021 | 12/2023 | Вработени во ДИЦ | Вработен и во ДИЦ | Вработени во ДИЦ | Буџет на ДИЦ | Буџет на ДИЦ | Буџет на ДИЦ |
| 2.1.1.11 Унапредување на квалитетот на наставните средства и дидактички материјали – донесување на ново законско решение | Министерство за образование и наука, Педагошка служба, | Наставници, стручна јавност, Бирото за развој на образованието | активноста е отпочната | 12/2023 | Вработени во МОН и Педагошка служба | Вработен и во МОН и Педагош ка служба | Вработени во МОН и Педагошка служба | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 21 | Буџетска програма 2, Потпрогр ама 21 | Буџетска програма 2, Потпрогр ама 21 |
| 2.1.1.12 Ревизија на мрежата и формулата за | Министерство за образование и | ЗЕЛС, Министерство за локална самоуправа, | 1/2021 | 12/2023 | МОН | МОН | МОН | / | Заем од Светска банка | Заем од Светска банка |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| финансирање на основните училишта | наука | ДПИ, МФ, училишта, синдикат за образование | | | | | | | | |
| Вкупно активности во 2021 година: 12 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во 2022 година: 10 | | | | | | | | | | |
| Вкупно активности во 2023 година: 10 | | | | | | | | | | |
| **Вкупно за потпрограма 2.1.1 : 32** | | | | | | | | | | |

| **Потпрограма 2.1.2: Недискриминација, заштита од насилство, почитување на различностите и инклузивно образование** | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | **Одговорни** | **Консултирани** | **Временска рамка** | | **Потребни ресурси** | | | | | |
| | | | **Почеток** (месец/година) | **Крај** (месец/година) | **човечки** | | | **финансиски МКД** | | |
| | | | | | 2021 | 2022 | 2023 | 2021 | 2022 | 2023 |
| 2.1.2.1. Трансформација на посебните училишта во основни училишта со ресурсен центар | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, училишта | ДПИ, синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, ученици, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, меѓународни организации, НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, МТСП, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори... | Активноста е отпочната | 9/2022 | Вработени во МОН, БРО, основни училишта | / | / | Буџетска програма 2, Потпрограма 20 | / | / |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.2.2. Трансформација на постојните посебни паралелки при основните училишта во Центри за поддршка на учењето на учениците со попреченост | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, единици на локална самоуправа, училишта | ДПИ, синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, ученици, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, меѓународни организации, НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, МТСП, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори... | Активноста е отпочната | 9/2022 | Вработени во МОН, БРО, основни училишта | / | / | Буџетска Програма А, Потпрограм а А2 | / | / |
| 2.1.2.3 Обезбедување на сеопфатен систем за поддршка за инклузивно образование на учениците со попреченост (образовни и лични асистенти, формирање на училишетн инклузивен тим, инклузивен тим за секој ученик, развивање на, ИОП/модифицирана програма, асистивна технологија...) | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието единици на локална самоуправа | ДПИ, синдикат на наставници, наставен и ненаставен кадар во училиштата, ученици, стручната јавност, универзитетски професори, граѓански сектор, меѓународни организации, НКТ за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, МТСП, Сојуз на специјални едукатори и рехабилитатори... | Активноста е отпочната | 12/2023 | училишта | училишта | училишта | 174.960.000 | 174.960.000 | 174.960.000 |
| 2.1.2.4. Пристап до образование на деца кои не биле вклучени во | Министерство за образование и наука, Биро за | Родители, граѓански и меѓународни организации | Активноста е отпочната | 12/2023 | Вработени во МОН, БРО и УРУОЈПЗ | Вработени во МОН, БРО и УРУОЈПЗ | Вработени во МОН, БРО и УРУОЈПЗ | Буџетска програма 2, Потпрограм а 20, Програма А, | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20, | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20, Програма |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| настава (ученици со надмината возрасна граница, ученици од маргинализирани средини, ученици Роми..) намалување на осипувањето, доделување на грантови на училиштата за иновативни проекти за поддршка на ученици од ранливите категории, ученици со потешкотии во учењето и особено за учениците кои се најпогодени со Ковид 19 пандемијата. | развој на образованието, Управата, единици на локалната самоуправа, училишта | | | | | | | Потпрограма А2 и Програма 11<br><br>Заем од Светска банка (за грантови за училиштата | Програма А, Потпрограма А2 и Програма 11<br><br>Заем од Светска банка (за грантови за училиштата | А, Потпрограма А2 и Програма 11<br><br>Заем од Светска банка (за грантови за училиштата |
| 2.1.2.5 Остварување на основно образование и во здравствени установи, казнено-поправни и воспитно-поправни установи, и во домашни услови | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, единици на локалната самоуправа, училишта | МТСП, МЗ, МП, Управата за извршување | 1/2021 | 12/2023 | Вработени во МОН, БРО, училишта | Вработени во МОН, БРО, училишта | Вработени во МОН, БРО, училишта | | | |
| 2.1.2.6. Планирање и организирање активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалот/интеракција и | единици на локалната самоуправа, училишта | МОН, БРО, граѓански и меѓународни организации | 1/2021 | 12/2023 | училишта | училишта | училишта | Буџетска програма 2, Потпрограма 20, Програма А, Потпрограма А2 и програма 13 | Буџетска програма 2, Потпрограма 20, Програма А, Потпрограма А2 и Програма 13 | Буџетска програма 2, Потпрограма 20, Програма А, Потпрограма А2 и Програма 13 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| унапредување на меѓуетничката интеграција. | | | | | | | | | | |
| 2.1.2.7. Имплементација на Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување (спроведена обука за училиштата-директори, наставници и стручни соработници, водење на евиденција на насилство од страна на училиштата преку креирање на единствена методологија и систем за прибирање податоци за насилство во училиштата, изработка на план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот, зајакнување на капацитети на ДПИ за постапување во случаи на пријавено насилство и дискриминација.... | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, единици на локалната самоуправа, училишта | граѓански и меѓународни организации | 1/2021 | 12/2023 | Вработени во МОН, БРО, училишта | Вработени во МОН, БРО, училишта | Вработени во МОН, БРО, училишта | / | / | / |
| 2.1.2.8 Реализација на изборен предмет јазик и култура на Ромите, | Министерство за образование и наука - Управа за | општини, наставници, Биро за развој на | 9/2021 | 9/2023 | Вработени во МОН и УРУОЈПЗ | Вработени во МОН и УРУОЈПЗ | Вработени во МОН и УРУОЈПЗ | Буџетска програма 2, Потпрограм а 20 и Програма 11 | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20 и | Буџетска програма 2, Потпрогра ма 20 и Програма |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Бошњаците, Србите, Турците и Власите | развој и унапредување на образованието на јазиците на припадниците на заедниците | образованието | | | | | | | Програма 11 | 11 |
| 2.1.2.9 Анализа на содржините на наставните програми, наставните средства и дидактичките материјали во основно образование од аспект на унапредување на родовата еднаквост и заштита од дискриминација по било кој основ, согласно Правилникот за начинот на вршењето на анализата на содржините на наставните планови, програми и учебниците од аспект на унапредување на еднаквите можности на жените и мажите („Службен весник на Република Македонија” бр.125/2015). Изработка на упаство за изготвување на наставни програми и наставни материјали кои ќе промовираатродова еднаквост и во кои не смее | Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието, Педагошка служба, Центар за стручно образование и обука, граѓаснки сектор | стручна јавност, МТСП | 1/2021 | 12/2023 | Вработени во МОН, БРО, ЦСОО и Педагошка служба | Вработени во МОН, БРО, ЦСОО и Педагошка служба | Вработени во МОН, БРО, ЦСОО и Педагошка служба | Нема фискални импликаци и | Нема фискални импликац ии | Нема фискални импликаци и |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| да има никакви елементи на дискирминација по било кој основ | | | | | | | | | | |
